АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# 2023



Скопје, март 2024

# Содржина

1. РЕЗИМЕ ..... 3

2. ВОВЕД ..... 7

3. СТАТУС, РАКОВОДСТВО, НАДЛЕЖНОСТ И ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА ..... 9

4. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ПРОИЗЛЕЗЕНИ ОД ЗАКОНСКИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ И ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА ..... 14

4.1. ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ЖАЛБИ ..... 14

4.2. РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ И НИВНА СТРУКТУРА ..... 16

4.3. ЖАЛБИ ПОДНЕСЕНИ ПРОТИВ ИМАТЕЛИТЕ НА ИНФОРМАЦИИ ..... 18

4.4. КАРАКТЕР НА ПОДНЕСЕНИ ЖАЛБИ ..... 19

4.4.1. Иматели на информации кои не постапиле по решенија на Агенцијата ..... 24

4.4.2. Состојба на предмети по тужби ..... 25

4.4.3. Спроведување и искуства од примената на Законот ..... 26

4.4.4. Прекршочна постапка ..... 29

4.4.5. Листа на иматели на информации ..... 30

4.4.6. Годишни извештаи на имателите ..... 31

4.4.7. Содржина на Годишни извештаи ..... 36

4.4.8. Соработка со службени лица кај имателите ..... 37

4.4.9. Мониторинзи на веб страните на имателите и едукативни материјали ..... 38

4.4.10. Обуки и едукација ..... 40

4.4.11. Веб локација на Агенцијата ..... 41

4.4.12. Јавност во работата ..... 42

4.5. ОБУКИ НА ВРАБОТЕНИТЕ ..... 48

5. МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ПРОЕКТИ НА АГЕНЦИЈАТА ВО 2023 ГОДИНА ..... 51

5.1. МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА НА АГЕНЦИЈАТА ВО 2022 ГОДИНА ..... 51

5.1.1. Стратегија за реформа на јавната администрација 2023-2030 и Акциски план 2023-2026 ..... 51

5.1.2. Национална стратегија за правата на лица со попреченост 2023-2026 ..... 53

5.1.3. Рамка за проценка на изводливост/ перформанси ПФМ ..... 53

5.1.4. Билатерален скрининг за реформа на јавната администрација ..... 54

5.1.5. Стратегијата за транспарентност на Владата на Република Северна Македонија, со Акциски план 2023-2026 година 54
5.1.6. Национален акциски план за Партнерство за Отворена Власт (ПОВ) 2021-2023 година 55
5.2. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ПРОЕКТИ НА АГЕНЦИЈАТА ВО 2023 ГОДИНА 55
5.2.1. Активности на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер како членка во Меѓународната конференција на комесари за информации (МККИ) 55
5.2.2. Твининг Лајт апликација 57
5.3. СОРАБОТКА СО НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ 58
5.4. ОСТАНАТИ РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ 62
5.4.1. На покана на UNESCO во март 2023 година, Агенцијата учествуваше во годишното истражување за јавен пристап до информации за 2023 на SDG Индикатор 16.10.2 62
5.4.2. Подготовка на Извештаи и Подготовка на материјали за придонесот на Северна Македонија кон Извештајот на Европската Комисија 62
5.4.3. Подготовка на материјали, извештаи и присуство на конференции: 63
6. БУЏЕТ, ЗАВРШНА СМЕТКА И ФИНАНСИРАЊЕ 65
6.1. КРАТОК ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ 65
6.2. РЕАЛИЗАЦИЈА НА БУЏЕТ 67
6.2.1. Сметка 193026288063710 68
6.2.2. Сметка 193026288078511 69
6.2.3. Сметка 193026288078526 70
6.3. КОМПАРАТИВНА ТАБЕЛА НА БУЏЕТ И РАСХОДИ ВО ПОСЛЕДНИТЕ ТРИ ГОДИНИ 70
6.4. ЗАВРШНИ СМЕТКИ ЗА 2023 ГОДИНА 71
7. ЗАКЛУЧОЦИ 72
8. ПРЕПОРАКИ 72
9. ПРИЛОЗИ 73

# 1. РЕЗИМЕ

Пристапот до информации од јавен карактер е фундаментално демократско право на човекот и граѓанинот, во нашата земја загарантирано со Уставот на Република Северна Македонија. Воедно пристапот до информации е важна алатка за обезбедување на владеењето на правото и доброто управување, на сите нивоа на јавната власт, како на централно така и на локално ниво.

Правото на слободен пристап до информациите преставува превентивно средство во борбата против корупцијата, на начин што ја зајакнува отвореноста на работата на институциите од една страна, а од друга страна ја стеснува можноста за злоупотреба на јавните овластувања, тоа е гаранција на законитоста и регуларноста во постапувањето на институциите. Во таа насока, транспарентноста и отчетноста на јавните власти, на централно и на локално ниво, се од суштинско значење за непречено функционирање на едно демократско општество и владеењето на правото.

Преку примената на правото за слободен пристап до информации, се овозможува остварување на јавниот интерес, се овозможува увид во работата на јавниот сектор во целина, што придонесува кон донесување подобри одлуки и нивна подобра примена, се овозможува увид на трошењето на јавните буџетски средства, како и зајакнување на довербата на граѓаните во јавните институции.

Преку содржините на овој извештај, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер (во натамошниот текст - Агенцијата) пред Собранието на Република Северна Македонија, ја презентира својата работа и активности во текот на 2023 година.

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, (во натамошниот текст ЗСПИЈК), Агенцијата е единствен државен орган кој работи во сферата на заштита на правото на слободниот пристап до информациите од јавен карактер. Агенцијата е самостоен и независен државен орган, односно инокосен орган предводен од директор и заменик на директорот, именувани од страна на Собранието на Република Северна Македонија.

Како второстепен орган во управната постапка, Агенцијата, согласно своите законски надлежности, во текот на 2023 година, постапи по 453 предмети по жалби, во законски предвидените рокови. Покрај тоа, Агенцијата постапуваше по предмети кои произлегуваат од нејзиното работење во делот на правните и општи работи, согласно останатите нејзини законски

надлежности. Овие предмети, исто така, се навремено завршени во текот на извештајната година.

Во текот на 2023 година, Агенцијата ја продолжи соработката со повеќе граѓански организации, учествувајќи во проекти за промоција на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер. Преку соработката со граѓанската организација „Инклузива“, во рамките на проектот за инклузија во пристапот до јавни информации за лицата со попреченост, финансиран од Фондацијата „Отворено општество - Македонија“, Агенцијата успешно спроведе работилници и обуки во неколку пилот-општини.

Агенцијата, преку својот тим на обучувачи и експерти одржа успешни презентации и обуки за млади под наслов „Заедно против корупцијата“ во интерес на подобра информираност на младата популација за основните цели и придобивки од ЗСПИЈК.

Извештајната 2023 година беше успешна и во делот на меѓународната соработка на Агенцијата со други сродни институции и тела, како и со меѓународни организации на полето на пристапот до информации од јавен карактер. При тоа, можеме да ја потенцираме соработката и активното учество на Агенцијата на регионалната традиционална конференција на „Иницијатива 2020“, која ги опфаќа сродните институции од областа на слободниот пристап до информации во земјите од регионот како Словенија, Хрватска, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Косово, Србија и Северна Македонија. Секако, не помалку важно е да се нагласи и активното учество на Агенцијата на Меѓународната конференција на комесари за информации и соработката со ICIC (International Conference for Commissioners for Information). Овие активности и остварени билатерални и мултилатерални контакти се од особено значење за идната работа на Агенцијата во насока на размена на искуства и добри практики во унапредувањето на правото на пристап до информации од јавен карактер и заштитата на јавниот интерес.

Продолжувајќи ги редовните активности во организација на обуки за службените лица за посредување со информации од јавен карактер во институциите - иматели на информации, Агенцијата во текот на 2023 година, реализираше вкупно 13 бесплатни обуки од кои 8 преку ZOOM-платформата, а реализираше и 5 обуки со физичко присуство, во просториите на Агенцијата. Обуките беа спроведени во два периодични циклуси: првиот циклус беше реализиран од месец јануари до месец јуни, а вториот циклус на обуки беше реализиран од месец септември до месец декември. Службени лица од вкупно 1457 институции беа поканети на обуките. Присутни на обуките беа службени лица од 136 институции (некои и со повеќе од 1 учесник), додека, пак,

службените лица од останатите институции - иматели на информации, не projавија интерес за следење на обуките иако истите се од исклучително значење при постапувањето по барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер, особено заради значењето на проактивната транспарентност на институциите.

Агенцијата, преку евиденција во списите од првостепената постапка, утврди дека поголем дел од моментално регистрираните службени лица кај 1457 иматели на информации сè уште недоволно го познаваат ЗСПИЈК, постои тенденција на често менување на постојните службени лица, кои веќе се обучени со нови кои не посетиле обука, па следствено на тоа, постои потреба и натаму активно да се работи на полето на нивна доедукација, преку дополнителни обуки и со советодавно учество во градењето на капацитетите кај имателите на информации како на централно така и на локално ниво.

Актуелниот извештаен период за работењето на Агенцијата како второстепен орган, ги покажува следните податоци:

Во текот на 2023 година правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, според податоците за поведени жалбени постапки пред Агенцијата, во најголем дел - 235 (51,87%) го користеле физички лица, 190 невладини организации, здруженија на граѓани и фондации и 28 жалби од правни лица.

Поконкретно, според содржината на поднесените жалби до Агенцијата, може да се констатира дека во најголемиот број случаи, ЗСПИЈК граѓаните го користат најчесто кога не се во можност да ги остварат своите права и да дојдат до, за нив, потребните информации и документи кои произлегуваат од матичните надлежности на институциите - иматели на информации. Ова, од причина што имателите на информации не постапувале согласно материјалните закони кои ги применуваат при работењето и одлучувањето во одредена управна постапка, односно не постапиле по барањата на граѓаните како странки во конкретен управен предмет.

Исто така, постојат случаи на жалбени постапки иницирани од страна на адвокати и адвокатски друштва, доставувани до Агенцијата, со цел обезбедување на докази за одредена управна или судска постапка, без при тоа да се применуваат одредбите од материјалните закони со кои е уредено обезбедувањето на доказите. На овој начин се врши несоодветна употреба на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

Повторно мора да се истакне дека не е за занемарување фактот дека во најголемиот број од поднесените жалби до Агенцијата, за периодот за кој се

однесува овој извештај - 277 или 61%, станува збор за случаи во кои имателите на информации не постапувале по поднесени барања во законски пропишаните рокови (20 дена по поднесено барање, или 30 дена доколку со барањето се бара обемна информација), односно поради т.н. **„молк на управата“**. Агенцијата вложува големи напори за да го истакне значењето на проактивната транспарентност и објавувањето на информациите од страна на институциите - иматели на информации, особено навременото постапување по барањата за информации од јавен карактер, односно се додека молчењето на управата, како на централно, така и на локално ниво, целосно не биде елиминирано.

Истовремено, Агенцијата презема континуирани мерки за **фаворизирање на проактивната транспарентност** кај имателите на информации, комбинирајќи го тоа со изготвување на дополнителни подзаконски акти.

Поради тоа **Агенцијата, како единствено надлежен државен орган кој се грижи за остварување на заштитата на правото на слободниот пристап до информации од јавен карактер дава пример, апелира, повикува и ги поттикнува сите институции на централно и на локално ниво, да го подигнат правото на пристап до информации од јавен карактер на повисоко општествено ниво, преку зголемување и унапредување на проактивната транспарентност во рамките на сопствените институции.**

Продолжувајќи го континуитетот на професионалност во сферата на слободниот пристап до информациите од јавен карактер Агенцијата и натаму, во рамките на своите надлежности, останува посветена на праксата за изнаоѓање соодветни законски решенија за пројавените проблеми и прашања. Од таа причина, Агенцијата и натаму, во непосреден контакт со барателите и имателите на информации, преку своите службени лица, ќе овозможува безрезервна бесплатна правна помош на барателите на информации, како и на службените лица кои посредуваат со информациите од јавен карактер кај имателите на информации. Притоа, континуирано и плански, преку целата година Агенцијата ќе продолжи со реализирање на обуки како за едните така и за другите чинители во областа на слободниот пристап до информации од јавен карактер.

Несомнено е дека напредокот во користењето на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер е евидентен, но се зголемува неопходноста и понатаму да се работи на унапредување на овој процес преку проактивната транспарентност на институциите, како врвен приоритет кога станува збор за ова право на човекот и граѓанинот загарантирано со Уставот на Република Северна Македонија (член 16, став 3).

Оттука, неопходно е да се продолжи со работа на подигнување на свеста, особено кај раководните структури во институциите, со цел да се изгради менталитет на самоиницијативно (проактивно) објавување на информациите од јавен интерес, без да се чека на барања од страна на барателите на информации. Ова е особено важно и заради фактот дека ЗСПИЈК е исклучително важна антикорупциска алатка и неговата примена е од исклучителна важност од аспект на борбата против корупцијата и јакнењето на интегритетот на институциите.

# 2. ВОВЕД

Примарна цел на Агенцијата е да го промовира, практикува и заштитува остварувањето на уставно загарантираното право на слободниот пристап до информациите од јавен карактер. Тоа го остварува преку ефективно, ажурно и независно спроведување на жалбената постапка и преку континуирано информирање на јавноста, како и едукација на барателите и на имателите на информации. Остварувајќи ја својата зацртана Мисија, Годишниот извештај за 2023 година го опфаќа работењето на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во делот на остварувањето на нејзините законски надлежности. За појасен, посликовит приказ, ви ги презентираме следните параметри:

Во текот на извештајната 2023 година, до Агенцијата беа доставени вкупно 453 предмети / жалби, поднесени против управни и реални акти на првостепените органи, или поради т.н. молк на управата. Против непостапување на имателите на информации по барања за пристап до информации од јавен карактер се поднесени 277 жалби (61%), што зборува за благо зголемување на молкот од имателите на информации, за разлика од претходната извештајна 2022 година. Ваквата појава несомнено упатува на недоволната перцепција на дел од раководната структура во институциите - иматели на информации, за суштината и значењето на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

Оттука, може да се заклучи дека неопходно е Агенцијата да продолжи со ангажманот, посветеноста и синергијата меѓу административните службеници и раководството во остварувањето на визијата и мисијата на Агенцијата, со цел намалување, но и целосно искоренување на молкот на управата.

Што се однесува до бројот на поднесени годишни извештаи за работењето на имателите на информации на полето на пристапот до

информации, може да се заклучи дека од вкупно 1457 иматели на информации, Годишен извештај за примената на Законот до Агенцијата доставија 1394 иматели, односно 95,68% проценти, додека законската обврска не е исполнета од 55 институции, или 4,32% од имателите на информации. Видно е дека од година во година, се зголемува бројот на доставени Годишни извештаи. Ова се должи на фактот што Агенцијата, следејќи ја законски востановената пракса, преку своето овластено лице, пред својата Прекршочна комисија, редовно покренува прекршочни постапки против службените лица за посредување со информации од јавен карактер кои не ја исполниле законската обврска навремено да достават годишен извештај до Агенцијата.

Потенцираме дека и во оваа извештајна 2023 година Агенцијата, не беше во можност своите законски надлежности целосно да ги оствари во рамките на сопствените скромни буџетски средства со кои располага. Следствено на ова, Агенцијата правеше обиди во повеќе сегменти, а најмногу во делот на законската обврска за преземање на активности за едукација на имателите на информации, преку продолжување на соработката со постојните, како и со воспоставување на соработка со нови домашни и меѓународни чинители на полето на пристапот до информации од јавен карактер. Имајќи ги предвид дадените околности, реализацијата на активностите беше на завидно ниво.

Во контекст на погоре споменатото, не би било нескромно е да се акцентира дека за поуспешно остварување на важната улога која ја има согласно законските надлежности, а потпирајќи се на европските вредности и добри практики, Агенцијата има итна потреба од квалитетно кадровско доекипирање, просторно решение, но и од значително појака буџетска поддршка. Ова е особено важно од причина што активностите на Агенцијата во делот на улогата на заштитник во остварувањето на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер е од исклучителна важност од аспект на борбата против корупцијата и јакнењето на интегритетот на институциите и заштитата на јавниот интерес.

Единствено со заеднички ангажман преку транспарентност, отчетност, отвореност, инклузивност, интегритет и проактивно објавување информации од јавен карактер на сите јавни институции на централно и на локално ниво, можеме да изградиме подобро општество за сите .

# 3. СТАТУС, РАКОВОДСТВО, НАДЛЕЖНОСТ И ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер веќе четири години е самостоен и независен државен орган, односно инокосен орган предвододен од директор и заменик директор.

Надлежностите на Агенцијата таксативно се утврдени со член 30 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/2019), Агенцијата ги врши следниве работи:

- води управна постапка и одлучува по жалби против решението со кое имателот на информацијата го одбил или отфрлил барањето за пристап до информации на барателите,
- се грижи за спроведување на одредбите од овој закон,
- подготвува и објавува листа на иматели на информации,
- дава мислења по предлози на закони со кои се уредува слободен пристап до информации,
- развива политики и дава насоки во врска со остварување на правото на слободен пристап до информациите,
- води прекршочна постапка преку Прекршочна комисија која одлучува по прекршок во согласност со закон,
- презема активности на планот на едукацијата на имателите на информации за правото на слободен пристап до информациите со кои тие располагаат,
- соработува со имателите на информации во однос на остварувањето на правото на пристап до информации,
- подготвува годишен извештај за својата работа и го доставува до Собранието на Република Македонија,
- извршува работи на меѓународна соработка поврзани со извршувањето на меѓународните обврски на Република Македонија, учество во спроведувањето на проекти на меѓународните организации и соработува со органите на другите земји и институции од областа на слободниот пристап до информации од јавен карактер,
- врши промоција на правото на слободен пристап на информации од јавен карактер и
- врши и други работи утврдени со овој и друг закон.

Поаѓајќи од видот, обемот и степенот на сложеност на работите и задачите кои ги извршува Агенцијата, меѓусебната поврзаност и сродност на тие работи и задачи и другите услови потребни за нивно вршење, во Агенцијата согласно Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места, кои акти се применуваат од 13.10.2020 година, се формираат следните организациски единици:

1. Одделение за финансиски прашања;
2. Одделение за ИКТ - информатички и комуникациски технологи
3. Сектор за управно-правни и општи работи
   3.1. Одделение за управни постапки и
   3.2. Одделение за правни и општи работи,
4. Сектор за соработка, транспарентност и едукација
   4.1. Одделение за односи со јавност, транспарентност и едукација
   4.2. Одделение за соработка и анализи
   4.3. Одделение за меѓународна соработка и проекти

Организациската структура на Агенцијата е претставена во следниот графички приказ:

ОРГАНОГРАМ
на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер




Со актот за систематизација се утврдени и опишани работни места за вкупно 50 извршители, распоредени по девет организациски единици, од кои на 31.12.2023 година пополнети биле вкупно деветнаесет (19) работни места, од

кои осумнаесет (18) се вработени на неопределено време и еден (1) на определено време. Од вкупната бројка шеснаесет (16) се со високо образование, а тројца (3) се со средно образование.

Квалификационата структура на вработените со високо образование е следна: шест (6) се дипломирани правници од кои тројца (3) се со положен правосуден испит, еден (1) е магистер по право од областа на казнено право, шест (6) се дипломирани економисти од кои еден (1) е магистер по организациски науки-менаџмент на човечки ресурси, еден (1) дипломиран економист од областа на менаџментот, еден (1) е дипломиран менаџер по човечки ресурси, а еден (1) е дипломиран економист по маркетинг и рекламирање, тројца (3) се со Филолошки факултет од кои еден (1) е магистер по филолошки науки во областа наука за јазик-албански јазик, а еден (1) англиски јазик и книжевност и еден (1) е дипломиран машински инженер.

Со средно образование се тројца (3) вработени, од кои еден (1) е со гимназија, двајца (2) се економски техничари.

Според категории на административни службеници, состојбата е следна:

- Генерален секретар: - нема (0);
- Државен советник: – двајца (2);
- Раководител на сектор: - еден (1);
- Помошник раководител на сектор: - еден (1);
- Раководител на одделение: - двајца (2);
- Советник: - седум (7);
- Помлад соработник: - тројца (3);
- Самостоен референт: - двајца (2) и
- Виш референт: - еден (1).

Од вкупниот број вработени, десет (10) се од македонска национална припадност (52,63%), четворица (4) се од албанска национална припадност (21,05%), еден (1) е од турска национална припадност (5,26), двајца (2) се од влашка национална припадност (10,53%) и двајца (2) се од ромска национална припадност (10,53%).

Процент од вкупниот број по национална припадност на вработените во Агенцијата:

| | Систематизирани работни места | Пополнети работни места | Процент од вкупен број на вработени | Високо образование | Средно образование |
|---|---|---|---|---|---|
| Македонци | | 10 | 52,63% | 9 | 1 |
| Албанци | | 4 | 21,05% | 4 | / |
| Турци | | 1 | 5,26% | 1 | / |
| Власи | | 2 | 10,53 % | 2 | / |
| Роми | | 2 | 10,53 % | / | 2 |
| Вкупно | 50 | 19 | 100% | 16 | 3 |

Од вкупниот број на вработени во Агенцијата по национална припадност е следна: десет (10) се од македонска национална припадност од кои четворица (4) се од машки пол и шест (6) се од женски пол, четворица (4) се од албанска националност од кои двајца (2) се од машки пол и две (2) се од женски пол, еден (1) од турска националност е од женски пол, двајца (2) од влашка националност се од женски пол и двајца (2) се од ромска националност од кои еден (1) е од машки пол и еден (1) е од женски пол. Од вкупниот број вработени седум (7) вработени се од машки пол, а дванаесет (12) се од женски пол, на возраст од триесет (30) до шеесет и три (60) годишна возраст.

Согласно Годишниот план за вработување на Агенцијата за 2023 година, на кој беше добиена финансиска согласност од надлежната институција, во текот на оваа извештајна година се спроведе постапка по пат на објавување на јавен оглас за вработување на еден (1) извршител, со вработување и пополнување на следното работно место:

1. Советник за односи со јавност-ПР, Одделение за односи со јавност транспарентност и едукација, Сектор за соработка, транспарентност и едукација - еден (1) извршител.

Агенцијата по добиената финансиска согласност, во оваа извештајна година објави и по пат на објавување на интерен оглас за унапредување на тројца (3) административни службеници и тоа за работно место:

1. Државен советник за соработка со имателите на информации, меѓународна соработка и проекти, двајца (2) извршители и

2. Помошник раководител на Сектор за управно-правни и општи работи во Сектор за управно-правни и општи работи- еден (1) извршител.

По претходно добиена финансиска согласност од надлежната институција, агенцијата го продолжи договорот на определено време со еден (1) извршител за работно место:

1. Помлад соработник за работа на проекти, Одделение за соработка и анализи, Сектор за соработка, транспарентност и едукација- еден (1) извршител.

Во текот на овој извештаен период на двајца (2) извршители им престана работниот однос и тоа на еден (1) извршител од албанска национална припадност со звање Советник за управување со човечки ресурси, Одделение за правни и општи работи, Сектор за управно-правни и општи работи му престана работниот однос на 12.01.2023 година поради пензионирање, а на другиот извршител од турска национална припадност од Одделение за соработка и анализи, Сектор за соработка, транспарентност и едукација со звање Помлад соработник за работа на проекти му престана договорот на определено време заклучно со 31.12.2023 година.

# 4. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ПРОИЗЛЕЗЕНИ ОД ЗАКОНСКИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ И ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА

## 4.1. ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ЖАЛБИ

Веќе полни 17 години остварувањето на уставно и законски загарантираното право на граѓаните за добивање на информациите од јавен карактер го имплементира и гарантира Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, како второстепен орган во постапката по барањата за пристап до информации од јавен карактер.

Имено, Агенцијата води управни постапки и одлучува по жалби од барателите на информации поднесени против имателите на информации, без разлика дали имателите на информации се обиделе да бидат нетранспарентни, непостапувајќи согласно ЗСПИЈК, или пак донеле управни или реални акти со

кои ги одбивале или отфрлале барањата за пристап до информации од јавен карактер поднесени од барателите.

Правото за поднесување жалба е право на сите физички и правни лица кои поднеле усно, писмено или електронско Барање за пристап до информации од јавен карактер до некој јавен орган, на централно, или на локално ниво, односно до било кој од имателите на информации, кои во постапката се појавуваат како првостепени орани кои постапуваат по барања од барателите на информации.

Од друга страна Агенцијата, како второстепен орган во постапката, добиените жалби од незадоволните баратели електронски ги препраќа на произнесување до имателите на информации, со барање во рок од 7 дена тие да се произнесат по жалбите и до Агенцијата да достават одговор на истите, како и да ги приложат сите предметни списи, со цел Агенцијата веднаш да постапи и во законски предвидениот рок од 15 дена да донесе соодветна одлука.

При своето постапување Агенцијата го негува едукативниот пристап, со тоа што првично на имателите на информации кои не постапиле по барањата за пристап до информации од јавен карактер им доставува решенија за наложување за постапување согласно ЗСПИЈК во рок од 15 дена од приемот на решението, со обврска повратно да ја известат Агенцијата за нивното постапување во тој рок. На оние иматели на информации кои се обиделе да постапат, но истото не го сториле согласно одредбите од Законот, односно одговориле или известиле, но не донеле управен акт (решение) со приложен одговор на барањата, Агенцијата им доставува решенија за повторно постапување од нивна страна, со укажување како истото да го сторат.

Во случај наведените првични решенија на Агенција да не покажат резултат во насока на остварувањето на целта на ЗСПИЈК – јавност и отвореност во работењето на имателите на информации и доставување соодветен одговор до барателите на информации, Агенцијата постапувајќи по повторно поднесени жалби, изготвува и доставува мериторни решенија до имателите на информации, со кои во најголем број истите се задолжуваат да им ги достават бараните информации на барателите.

Во продолжение, Агенцијата Ви доставува податоци за нејзините постапувања во текот на 2023 година:

Така, во извештајната 2023 година во Агенцијата се примени вкупно 453 жалби. Барателите на информации поднесувале жалби во текот на целата година, со следното темпо:

Во месец јануари до Агенцијата се поднесени 62 жалби, во февруари-34, март-46, април-45, мај-36, јуни-36, јули-41, август-31, септември-29, октомври-45, ноември-26 и во месец декември- 22.




Графикон 1: Број на поднесени жалби по месеци

При поднесување на погоре наведените жалби до Агенцијата, за прв пат од нејзиното постоење (вклучително и времето на нејзиниот правен претходник - Комисијата), предничат физичките лица со поднесени вкупно 235 жалби, по што следат здруженијата на граѓани и фондации со 190 и правните лица со 28 жалби. Во минатите извештајни периоди, без исклучок, над 70% од жалбите беа поднесувани од страна на второспоменатата категорија на баратели (здруженијата на граѓани и фондации), додека бројот на поднесени жалби од страна на физички лица беше многу помал.

## 4.2. РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ И НИВНА СТРУКТУРА

Во извештајната 2023 година, до поднесување на овој Годишен извештај, Агенцијата постапи по сите 453 оформени предмети и донесе одлуки по истите.

Одлучувајќи по пристигнатите жалби во 2023 година, Агенцијата донесе вкупно 446 конечни решенија и 72 мериторни решенија (од кои 7 се решенија за

отфрлање на жалбата како недопуштена, а со останатите 65 е одлучувано по втора жалба). За да не дојде до забуна во презентираните бројки, напоменуваме дека нивниот збир произлегува од постапувањето на Агенцијата согласно одредбите од Законот за општата управна постапка според кој, покрај првичните решенија со кои на првостепените органи им се наложуваше да постапат согласно ЗСПИЈК, или им беа враќани предмети на повторно постапување, се донесуваа и мериторни решенија во случаи кога имателите не постапуваа по конечните решенија на Агенцијата. Оваа законска пракса резултираше во насока на речиси целосно постапување на првостепените органи во согласност со донесените конечни решенија на Агенцијата. Имаше и такви меѓу имателите на информации кои не постапија согласно одлуките на Агенцијата, па дури и посегнаа по барање правна заштита пред Управниот суд, поднесувајќи тужби со кои бараа поништување на решенијата на Агенцијата, занемарувајќи го фактот дека немаа законска активна легитимација да го прават истото, со оглед на тоа што како првостепени органи постапувале по барања за пристап до информации од јавен карактер и решавале за правата и обврските на барателите на информации. Поради тоа, постапувајќи по иницијативи на барателите-жалители, или пак по службена должност на овластеното лице во Агенцијата, против нив поведени се прекршочни постапки кои ги спроведе Прекршочната комисија на Агенцијата.

Еве како статистички изгледа работењето на Агенцијата на полето на водење управни постапки во текот на 2023 година:

- 136 решенија со кои Жалбата се уважува и се наложува првостепениот орган да постапи по Барањето на барателот согласно ЗСПИЈК;
- 47 решенија со кои Жалбата се уважува и се задолжува имателот да ја даде бараната информација;
- 55 решенија со кои Жалбата се одбива како неоснована;
- 12 решенија со кои Жалбата се отфрла како ненавремена;
- 7 решенија со кои Жалбата се отфрла како недопуштена;
- 140 решенија со кои Жалбата се уважува и предметот се враќа на повторно постапување пред првостепениот орган и
- 121 решенија со кои се запира постапката по Жалба поради повлекување на истата од страна на барателот, поради добиен одговор од имателите во текот на второстепената постапка.




Графикон 2: Решени предмети и нивна структура

## 4.3. ЖАЛБИ ПОДНЕСЕНИ ПРОТИВ ИМАТЕЛИТЕ НА ИНФОРМАЦИИ

Анализата на поднесените жалби покажува дека најчесто истите се насочени против следните иматели на информации:

- 183 против државни институции на централно ниво ,
- 148 против општини,
- 41 против јавни претпријатија и установи,
- 38 против судската власт,
- 11 против правни и физички лица кои што вршат јавни овластувања,

- 15 против образовни институции,
- 11 против здравствени институции и
- 6 против политички партии.




Графикон 3: Жалби поднесени против иматели на информации

## 4.4. КАРАКТЕР НА ПОДНЕСЕНИ ЖАЛБИ

Барателите на информации своите жалби ги поднесувале поради:

- 277 поради молк на управата (61%),
- 123 против решенија од имателите на информации (27%)
- 45 против одговор од имателите на информации (10%) и
- 8 против известување од имателите на информации (2%)

И во овој извештаен период, и покрај големиот број одржани обуки за службените лица за посредување на информациите од јавен карактер на имателите на информации, загрижува процентот кој припаѓа на поднесени жалби поради непостапување на имателите на информации по барањата во законски предвидените рокови, односно се доставени поради молчење на првостепениот орган. Од обработката на предметните списи, како и од редовните електронски и телефонски комуникации со службените и со раководните лица кај имателите на информации, може да се заклучи дека

подготвеноста за отвореност кон јавноста е поголема кај службените лица, за разлика од ставовите на раководните структури, кои одат во обратна насока. Поради тоа, актуелна останува потребата од организирање дополнителни обуки, работилници, тркалезни маси и слични презентации на ЗСПИЈК пред раководните лица кај имателите на информации.

За одбележување е дека доставените жалби до Агенцијата најчесто доаѓаат како резултат на изразено незадоволството на барателите на информации од не/постапувањето на имателите на информации, односно од добиени негативни решенија и одговори од имателите на информации, како и поради непостапување на првостепениот орган по одлуките на Агенцијата во врска со барања кои се однесуваат на:

- Детална листа на легализирани бесправно изградени објекти согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти од стапувањето во сила на законските измени на 07.08.2021 г. до денес,
- Колку легализирани бесправно изградени објекти се наоѓале во подрачје опфатено со урбанистички план,
- Да ни бидат доставени сите мислења кои МЖСПП ги издало по барање на Општина Охрид, а во врска со постапки за легализација на бесправно изградени објекти,
- Текстот на „Информација за одржан билатерален скрининг за Поглавје 5 – Јавни набавки од Кластер 1 – Фундаментални вредности и преземени обврски, поврзано со точка 26 од 119 седница на Владата, одржана на 17.01.2023 година,
- Записници од сите состаноци на Управниот одбор на Македонската спортска стрелачка федерација (МССФ) од 2020 до 2022 година,
- Сите Одлуки на Управниот одбор на МССФ донесени од 2020 до 2022 година,
- План за интегритет,
- Годишна антикорупциска програма (за последната година за која имате ваква програма),
- Интерна процедура за спроведување на постапките за јавна набавка и реализација на договорите за јавна набавка,
- -Колку средства од Буџетот на РСМ преку Министерството за култура се издвоени и префрлени на сметка на домашни и меѓународни невладини организации, здруженија, фондации и останати организации или компании за проекти кои го опфаќаат Прајд месецот (за маршот, изложби, сценски изведби, музички изведби и сл, настани во тој период) и за Прајд неделата за период од 2018-2022 година,

- Записниците од сите инспекциски надзори извршени во установите за социјална заштита на стари лица во текот на 2019, 2020, 2021, 2022 и 2023 година,
- Листа на сите објекти и активности кои биле планирани, а не се реализирале од буџетската ставка 482 (други градежни објекти) од Буџетот на вашата општина за 2022 година, со опис на локацијата и планирана вредност на одделните објекти и активности,

1. План за јавни набавки за 2021 година со сите негови измени и дополнувања, како и следните информации за постапката за јавна набавка на (Медицисньки отпад) со бр.12690/2022:

1. Образложението за причината и потребата за набавката;
2. Начинот на којшто е утврдена проценатата вредност на набавката;
3. Одлуката за јавната набавка;
4. Одлука за формирање на Комисија за јавната набавка;
5. Изјави за постоење/непостоење судир на интереси во однос на конкретната јавна набавка;
6. Дали во комисијата се вклучени лица со експертиза од областа на предметот на набавката?
7. Записник од јавно отворање на понудите;
8. Извештај за извршената евалуација на понудите;
9. Извештај од спроведена постапка;
10. Пристигнатите понуди од економските оператори;
11. Извештај од текот на спроведентата електронска аукција;
12. Одлука за избор на најповолна понуда или одлука за запирање на постапката или одлука за поништување на постапката;
13. Евентирални анекси на договорот за јавната набавка;
14. Евентурални придружна документација за склучените (договорените) правни работи;
15. Потврда за прием на предметот на предметната набавка (испратница, приемница или друг соодветен документ);
16. Документ за извшрените плаќања по договорот за конкретната јавна набавка;
17. Одлуката за назначување на лице за следење на реализацијата на договорот за јавна набавка (ако е назначено такво лице);
18. Образложението за потребата од измената и/или дополнувањето на планот за јавни набавки за конретната набавка, доколку таа била опфатена со измена или дополнување на планот за јавни набавки, и
19. Извештај од надворешни стручни лица (доколку се ангажирани),

За буџетска ставка 480 – Купување на опрема и машини:

1. Износи по аналитички конта за синтетичката ставка 480 за Почетниот Буџет, ребалансот на Буџетот и Завршната сметка ( извршувањето ) на Буџетот за 2022 година за вашата институција;
2. Објаснување на причините за намалувањето и нереализацијата на средствата од буџетската ставка 480- Купување на опрема и машини за 2022 година, во однос на Почетниот буџет, ребалансот на Буџетот и Завршната сметка ( извршувањето ) на Буџетот за 2022 година и
3. Список на планирани ( без оглед дали со првичниот буџет или со ребалансот), а нереализирани купувања, набавки и плаќања од буџетската ставка 480- Купување на опрема и машини од Буџетот на вашата институција за 2022 година, со нивната поединечна вредност."

За Град Скопје, односно во општините во Градот:

1. Новопроектирани и изведени јавни простори во периодот од 30.06.2018 година до 30.06.2023 година, односно последните 5 години,
2. Реконстуирани постоечки јавни простори во периодот од 30.06.2018 година до 30.06.2023 година, односно последните 5 години,
3. Дали Град Скопје има распишано јавен конкурс за изработка на идејно решение за јавните просотри кои се предмет на ова барање,
4. Ве молиме да ни посочите за кои јавни простори бил распишан конкурс и кој бил расходот од постапката, односно дали овие јавни простори биле изведени согласно идејното решение,
5. Ве молиме за информација за тоа на кој начин е уредена соработката помеѓу Град Скопје и општините во Градот во однос на делот за финансирање и изведување на јавните простори кои се предмет на ова барање.

- Барање до СОЗР за ангажирање на службениот авион во период од 1 април 2022 до 24 август 2023 година, со имиња на патниците и дестинација на патувањата.
- Кои се членовите/експертите на Работната група која ги подготви измените на Кривичниот законик кои беа донесени со европско знаменце".
- Договор за изградба на автопатски делници од коридорите 8 и 10 д со конзорциумот „Бехтел и Енка".
- Податоци за бројот на предлози за отповикување на алтернативната мерка условна осуда кои Основното јавно обвинителство ги има

поднесено до надлежниот суд во периодот од 2018 до 2022 година, согласно со одредбите од Кривичниот законик.

- Листинг на телефонски разговори од службениот телефон на претседателот на Апелационен суд за период јануари 2021 – декември 2022 година“.
- Од Претседателот на Судскиот Совет на РСМ-како имател на информација, бараме да ни биде достапно и издадено – лични и адресни податоци, во однос на име и презиме, локациски услови-место на живеење и адресни податоци на судијата поединец ... кој постапува по предметот П1бр...., што се води пред Основен суд...
- Кривична пријава против: а) Вадим Михаилов, претседател на Управен одбор на ТЕ-ТО АД Скопје, б) Сашка Трајковска, судија во Основниот граѓански суд Скопје, в) Снежана Сарџовска, нотар, поради основано сомневање за сторено кривично дело злоупотреба на службена положба и овластување и лажно предизвикување стечај, поднесена од страна на Управата за финансиска полиција во 2019 година до Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција.
- Кривична пријава против ТЕ-ТО АД Скопје поради основано сомневање за сторено кривично дело намерно предизвикување стечај, поднесена од страна на Управата за финансиска полиција во 2019 година до Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција.
- Кривична пријава против тројца поранешни директори на ТЕ-ТО АД Скопје поради основано сомневање за сторено кривично дело перење пари, поднесена од страна на Управата за финансиска полиција во 2019 година до Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција.
- Кривична пријава против Маринко Саздовски, стечаен управник поради основано сомневање за сторено кривично дело злоупотреба на постапката за стечај и злоупотреба на службената положба, поднесена од страна на Управата за финансиска полиција во 2019 година до Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција.

1. Список на лица вработени во политичката партија со позиција, службен мејл и службен телефон и
2. Колкави се приходите од членарина за периодот од 1-ви Јануари 2022 до 31-ви Декември 2022.

- Средствата за регионален развој од централниот државен буџет до општините на земјата во периодот 2015-2022 година во парична вредност

(во Excel формат), поделени врз основа на:Инвестициска област, Општината каде што се посветени средствата и година.

- Врз основа на кој акт е направено спомен обележје за припадници на полицијата, во чест на кое ќе се одржи церемонија на отворање на истото на 23.08.2023 година пред СВР Куманово.
- Колку пати е злоупотребен АКМИС системот со цел судијата Марин Станевски и судијата Душан Јосифов од Основниот кривичен суд Скопје бидат избрани за судии во постапка за оцена на обвинителен акт на ОЈО Скопје...
- Податоци за познавање на странски јазици и нивниот степен за секој поединечен член на Судскиот совет и
- други.

### 4.4.1. Иматели на информации кои не постапиле по решенија на Агенцијата

Неизбежно е да се споменат и имателите на информации кои не постапуваат по добиените решенија од страна на Агенцијата, без разлика дали со истите им се наложува почитување на ЗСПИЈК и постапување по предметно барање, им се враќа предмет на повторно постапување, или се задолжуваат да му ја дадат бараната информација на барателот. Иако за ваквото постапување им се дава законски предвиден рок од 15 дена од добивањето на решението, одредени иматели на информации ги игнорираат ваквите одлуки на Агенцијата. Така, на пример, во текот на 2023 година не е постапено по дури 30 решенија кои ги донела Агенцијата.

Првостепени јавни органи кои не постапиле по решенијата на Агенцијата се:

- Општина Неготино и Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците (не постапиле по 4 решенија на Агенцијата),
- Министерство за труд и социјална политика (по 3 решенија),
- Општина Гостивар, општина Боговиње, Македонска спортска стрелачка федерација и ЈЗУ Општа болница со проширена дејност – Прилеп (по 2 решенија) и
- (по 1 решение): Европскиот универзитет – Скопје, Секретаријатот за европски прашања, ОУ „Раде Кратовче“ – Кратово, Меѓуопштински центар за социјални работи на Град Скопје, Боречка федерација на РСМ, Републички совет за безбедност во сообраќајот, Агенцијата за млади и спорт, ЕСМ АД Електрани на Северна Македонија, ЈП Комуналец – Неготино, Агенцијата за филм, Демократската унија за интеграција

(ДУИ), ВМРО-ДПМНЕ, Службата за општи и заеднички работи, Ветеринарниот институт Скопје, Јавното претпријатие за државни патишта и ДМБУЦ „Илија Николовски Луј"- Скопје.

Не помалку за одбележување е и „праксата" на одредени иматели на информации кои, наместо да постапат по решенијата на Агенцијата, носат свои одлуки спротивни на одлуките на Агенцијата, или пак поднесуваат тужби против решенијата на Агенцијата. Меѓу нив предничи ЕСМ АД Електрани на Северна Македонија, а не помалку „активни" на тоа поле се и Општина Струга и Општина Охрид (по три тужби), како и УКИМ „Кирил и Методиј" Скопје.

### 4.4.2. Состојба на предмети по тужби

Во текот на 2023 година оспорени се вкупно 15 нејзини претходно донесени решенија. Од нив, 8 тужби се поднесени од страна на иматели на информации (3 се поднесени од АД Електрани на Северна Македонија, 2 од Општина Охрид и Општина Струга и 3 од спортски федерации). Останатите 7 тужби се поднесени од страна на физички лица/баратели на информации, кои останале незадоволни од донесените одлуки на Агенцијата.

Агенцијата постапи по сите барања на Управниот суд и изготви одговори на сите споменати тужби.

Управниот суд, пак, во текот на оваа извештајна година постапувал по дури 40 поднесени тужби (од истата и од претходните години, во кои недостасуваа повеќе негови пресуди по тужби). За разлика од минатата година, во текот на 2023 година Управниот суд нема донесено одлуки по само 6 тужби.

Инаку, со 25 од донесените пресуди Управниот суд ги одбил како неосновани тужбените барања за поништување на решение на Агенцијата, потврдувајќи ги одлуките на Агенцијата како правилни и донесени врз основа на закон, со правилно утврдена фактичка сосотојба. Исто така, 10 пресуди се донесени во корист на Агенцијата, со тоа што тужбите се отфрлени како недозволени, а со 2 постапката е запрена поради повлекување на тужбата. Управниот суд уважил само 2 тужби, со тоа што предметите ги врати на повторно разгледување и постапување од страна на Агенцијата. За истите се уште се чекаат конкретни насоки за постапување, кои судот пропуштил да ги наведе во своите пресуди. Само во 1 случај кога е поништено решение на Агенцијата од страна на судот поради техничка грешка во решението на Агенцијата, постапено е од страна на Агенцијата и е донесено ново мериторно решение.

Со слободниот пристап до информации од јавен карактер, во 2023 година се занимавал и Вишиот управен суд, до кого се поднесени вкупно 16 жалби од незадоволните страни од постапувањето на Управниот суд. Притоа Вишиот управен суд донел 6 решенија со кои ги одбил жалбите како неосновани, со 2 решенија предметите ги вратил на повторно постапување на Управниот суд, а со едно решение ја отфрлил и жалбата на Агенцијата како недозволена, иако Агенцијата не поднесе жалба туку барање на насоки за постапување.

Се на се, останува за одбележување дека и во оваа извештајна година меѓу поведените управните спорови се најдоа и 8 тужби поднесени од страна на имматели на информации. Агенцијата и натаму на судот му укажуваше дека имателите, согласно ЗОУП и ЗУС немаат активна легитимација, односно не можат да пројавуваат заштита на свој правен интерес пред Управниот суд бидејќи, како првостепен орган се ставени во улога на одлучувачи по права, интереси и обврските на барателите на информации. Меѓутоа Управниот суд, а во 1 случај и Вишиот управен суд, наместо нивните тужби да ги отфрлат како недозволени, на јавните органи им дозволија да поведат управен спор. Така, во текот на 2023 година, Агенцијата беше ставена во положба на бранител на својот интегритет на дури 35 судски рочишта.

Агенцијата апелира и бара соодветен начин и да им укаже на Управниот суд и на Вишиот управен суд да ја прекинат праксата на постапување по тужби поднесени од страна на јавните органи, како првостепени органи во постапката по барања за пристап до информации од јавен карактер и да носат конзистентни одлуки со кои ги отфрлаат како недозволени нивните тужби, штитејќи ја улогата на Агенцијата како второстепен орган во постапувањето во сферата на слободниот пристап до информации од јавен карактер, а со тоа и градењето на транспарентноста на институциите, како еден од најважните услови за остварување на желбите за градење европска иднина на овие простори.

### 4.4.3. Спроведување и искуства од примената на Законот

Слободниот пристап до информации од јавен карактер во Република Северна Македонија се озаконува во февруари 2006 година. Првиот Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/06) започна да се применува од почетокот на месец септември истата година. Посуштествени измени Законот претрпе во 2010 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/10).

Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер кој е актуелен во моментот датира од мај 2019 година („Службен весник на Република Македонија) бр.101/19). Со овој Закон се имплементирани неколку новини: – поранешниот колегијален орган - Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер е трансформиран во Агенција, прв независен државен инокосен орган во сферата на слободниот пристап до информациите од јавен карактер; – како иматели на информации од јавен карактер се додадени и политичките партии во делот на нивните приходи и расходи; – таксативно е нормиран јавниот интерес во остварувањето на правото на пристап до информација од јавен карактер, – за 10 дена се скратени роковите за постапување од страна на имателите на информации, – формирана е Прекршочна комисија во Агенцијата, со надлежност да води прекршочни постапки и да изрекува прекршочни санкции.

Новините во Законот не придонесоа многу во менувањето на менталитетот на барателите на информации, а да бидеме искрени ниту пак на страната на имателите на информации. Имено, барателите и натаму преферираат најголемиот број од своите барања да ги доставуваат до државните институции како иматели на информации, а имателите на информации, од друга страна, не го намалија позначајно трендот на молчењето на управата.

По бројот на поднесени жалби, од јавните органи на централно ниво, во 2023 година предничат Министерството за транспорт и врски, Министерството за здравство, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за животна средина и просторно планирање. На локално ниво, пак, најмногу жалби се поднесувани против Град Скопје, Општина Струга, Општина Охрид и Општина Неготино. Бројките покажаа нагорен тренд и во интересот за информациите кои ги создаваат и располагаат АД ЕСМ, ЕВН, јавните обвинителства, Судскиот совет, апелационите и основните судови и јавните претпријатија.

Не малиот број од донесени решенија на Агенцијата, со кои се запираат постапките по 124 од вкупно 453-те поднесени жалби (или 27%), наведува на мислење за менување на пристапот на имателите на информации кон барањата за пристап до информации. Таа привидност, всушност се должи на упорноста, ажурноста и интегритетот на службените лица во Агенцијата кои постапуваат по предметите, односно на нивното активно посредување меѓу имателите и барателите, со цел за што побрзо и поефикасно овозможување пристап до информациите од јавен карактер.

Не надвор од споменатиот контекст во овој извештаен период како дополнителна отежнувачка околност е забележан и голем број на промени на службени лица кои посредуваат со информациите на имателите на информации. Поради тоа Агенцијата во својот едукативен дел стави акцент на обучување на сите новоназначени службени лица, како и на оние од институциите кои во минатогодишниот период дале најмалку резултати на полето на слободниот пристап.

Исто така, и во текот на 2023 година продолжи воспоставената пракса најчесто баратели на информации да се здруженијата на граѓани и фондации. Тие воглавно бараат информации кои може и треба да им бидат овозможени од страна на имателите на информации проактивно (самите иматели да ги поставаат на своите веб страници), што всушност треба да биде вообичаена пракса.

Од друга страна, за прв пат во овој извештаен период бројот на поднесени жалби од страна на физички лица е поголем од оној на погоре споменатите здруженија. Меѓутоа, вкупната бројка од 235 жалби од физички лица не треба да залажува, или да наведува на мислење дека свеста на граѓаните се сменила преку ноќ, од причина што голем број од нивните жалби (79) се одбиени или отфрлени, од причина што, или се ненавремени, или се недопуштени, бидејќи од имателите на информации се бараат информации кои не се од јавен, туку од личен/приватен карактер, односно информации кои произлегуваат од законската надлежност на институците, а сè со цел да остварат некои свои лични права во судски или други граѓански или управни постапки, кои се спроведуваат согласно друг материјален закон. Исто така, од вкупниот број на жалби поднесени од физички лица треба да се одбие и бројот на жалби (34) поднесени од новинари од повеќе медиуми од Република Северна Македонија.

Поради наведеното, Агенцијата смета дека останува актуелна потребата од поширока кампања и едукација на граѓаните и тоа почнувајќи од средношколската и студентската младина, бизнис секторот, адвокатурата, па се до останатите граѓани, од причина што преовладува потребата од приближување до граѓаните и објаснување на целта на постоењето на ЗСПИЈК. Но, за жал Агенцијата нема на располагање средства од буџетот за оваа намена и е принудена да изнаоѓа други извори на финансирање за овој вид на активности.

Не помала е потребата од обучување на раководните лица кај имателите на информации кои, користејќи ја околноста (недостаток во ЗСПИЈК) за нивни несанкционирање поради недавање на бараните информации, едноставно истите им ги прават недостапни дури и на своите службени лица за

посредување со информациите од јавен карактер. Поради тоа, водењето на прекршочни постапки против службените лица кај имателите на информации се покажа како непродуктивно во однос на овозможувањето на достапност до информациите од јавен карактер.

Како и да е, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер останува на својата првично зацртана визија – да биде препознавана и респектирана од имателите, барателите и целокупната јавност како единствена надлежна државна институција која се грижи за остварување и заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, која придонесува за зголемена отчетност и транспарентност на институциите во нашето општеството. Работата на Агенцијата и спроведувањето на ЗСПИЈК е исклучително важна антикорупциска алатка и неговата примена е од исклучителна важност од аспект на борбата против корупцијата и јакнењето на интегритетот на институциите. Агенцијата смета дека единствено ваквиот тренд може да доведе до посакуваните европски интеграции.

### 4.4.4. Прекршочна постапка

Постапувањето согласно прекршочните одредби од Законот за прекршоците и Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во Агенцијата успешно продолжи и во 2023 година. Во споредба со предходната година кога имаше 136 постапки, во оваа извештајна година спроведени се вкупно 50 постапки за порамнување. По поднесено барање за поведување на прекршочна постапка Прекршочната комисијата постапи по вкупно 28 прекршочни предмети.

Од оформените 50 предмети за не доставување на Годишен извештај во законскиот рок, за три предмети успешно се спроведе постапка на порамнување. За 10 предмети, против 10 службени лица кај иматели на информации – вкупно 8 политички партии воопшто не се спроведе постапката затоа што Агенцијата и по неколку обиди не успеа со истите да стапи во контакт на адресните податоци добиени од Регистарот кој се води во Основниот граѓански суд Скопје. По спроведена постапка за порамнување за девет (9) предмети не беше даден предлог за поведување на прекршочна постапка. За останатите 28 предмети беше покрената прекршочна постапка, од кои за четири (4) предмети беше донесено решение за ослободување од одговорност, за три (3) предмети беше донесено решение за запирање на постапката, а за останатите 21 предмет донесени се решенија со кои беше изречена прекршочна

санкција, од кои за 15 предмети беше изречена опомена, а за три (3) предмети беше изречена глоба. За три (3) предмети постапката за решавање продолжи во 2024 година. Во текот на 2023 година против донесени решенија од прекшочната комисија со кои беше изречена прекршочна санкција, нема поднесено ниту една тужба пред Управен суд.

За прв пат во оваа извештајна година е извршена присилна наплата преку Управата за јавни приходи на три (3) решенија на Прекршочната комисија од кои: едно (1) за изречена глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност поради не назначување на службено лице за посредување со информации од јавен карактер и и две (2) за изречена глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност за непостапување по решенија на Агенцијата.

### 4.4.5. Листа на иматели на информации

Оваа извештајна година во Листата на иматели на информации се евидентирани нови иматели, а за кои треба да потенцираме дека самоиницијативно доставија контакт податоци за службените лица и за своите институции. Ново евидентираните иматели се регистрирани кај образовните институции, политичките партии и јавните пратпријатија и јавните установи, со што вкупниот број на евидентирани субјекти на Листата достигна 1.457 иматели. Во извештајниот период се евидентирани 5 нови иматели, а во текот на 2023 година уште три иматели кај политичките партии кои се регистрирани како нови иматели. Од претходниот извештаен период три иматели известија дека повеќе нефункционираат, односно нивната лиценца за работа е одземена. Треба да напоменеме дека Листата на иматели претрпе измени, односно се направи преструктуирање на имателите, односно дел од имателите беа поместени во соодветните линкови кои одговараат на нивните законски надлежности.

Во извештајната 2023 година, Листата со државни институции, односно како што сега гласи Органи на државната управа, изнесува 133 иматели, додека во линкот со јавни претпријатија и установи се евидентирани 305 иматели. Линкот со Здравствени установи во Република Северна Македонија содржи 115 иматели, додека бројот на иматели кај политички партии евидентирани во единствениот судски регистар на политички партии е 60, со напомена дека за осум политички субјекти Агенцијата, и покрај многубројните обиди не успеа да обезбеди податоци за нивните службени лица, иако дописите беа доставени на пријавените адресни податоци во единствениот судски регистар. Бројот на имателите од Судската власт оваа извештајна година е 65 иматели. Линкот со

Правни и физички лица кои вршат јавни овластувања и дејност од јавен интере има 72 иматела, додека бројот на иматели кај Општини и Центри за развој на плански региони, е 90. Бројот на Образовни институции, оваа извештајна година изнесува 617 иматели, од причини на гореспоменатото преструктурирање на Листата на иматели. Агенцијата во секој извештај, но и во своето секојдневно работење потенцира и појаснува дека Листата на иматели е менлива и бројот на институции објавени во неа зависи од нови субјекти кои ќе бидат детектирани дека со својата надлежност вршат дејност од јавен интерес и обратно, дел од имателите ќе бидат отстранети доколку се утврди дека не ги исполнуваат законските надлежности.




Графикон 4: Листа на иматели на информации од јавен карактер

### 4.4.6. Годишни извештаи на имателите

Во извештајната 2023 година, во предвидениот законски рок 1394 иматели или 95,68% доставија годишни извештаи и ја исполнија својата законска обврска, од вкупно 1457 иматели кои се евидентирани во Листата на иматели. Агенцијата, укажува дека 8 политички партии не доставија извештаи за имплементирањето на Законот, од причини што за истите и покрај многубројните обиди не обезбеди контакт податоци до кои би го доставила Потсетникот за доставување на годишни извештаи, како што беше сторено со сите останати иматели од Листата.

Службените лица, односно имателите од вкупно 55 институции, и покрај трите потсетувања за да достават пополнет Образец за годишен извештај, кој беше дистрибуиран до нив, не ја исполнија законската обврска која што произлегува од членот 36 од Законот. Агенцијата од тие причини не може да утврди дали до овие иматели биле поднесени барања од страна на барателите. Оваа извештајна година, бројот на недоставени годишни извештаи е 3,77% и можеме да констатираме дека од година во година бројот на недоставени извештаи се намалува, што е евидентно од резултатите кои ги имаат прекршочните одредби спроведени против службените лица кои игнорантски се однесуваат кон имплементација на Законот.




Графикон 5: Број на Годишни извештаи

Оваа извештајна година, како и минатата, само **еден** имател од **65-те** евидентирани иматели од судската власт не поднесе годишен извештај. Кај **90-те** иматели од единиците на локалната самоуправа, вклучително градот Скопје,

Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС) и Центрите за развој на планските региони, два иматели не ја исполнија законската обврска да достават извештај за својата имплементација на слободниот пристап до информации од јавен каратер.

Од вкупно 133 иматели на органите на државната управа, само 2 иматела не поднесоа извештај во законскиот рок. И оваа година подобрување во почитување на законската обврска за доставување на годишен извештај покажаа службените лица кај образовните институции од сите степени на образовниот систем и од 617 иматели извештај доставија 591 имател, додека 26 службени лица не доставија извештај до Агенцијата.

Само 3 здравствени институции не поднесоа извештај за имплементација на пристапот до информации од јавен карактер во однос на својата работа. Од евидентираните 115 здравствени установи, законската обврска да достават извештаи до Агенцијата, ја исполнија 112 иматели.

Како јавните претпријатија и јавните установи го имплементираат правото на слободен пристап покажаа 294 иматели, додека 11 од 305-те иматели не доставија годишен извештај.

Од страна на 72-та иматела кај правните и физички лица кои вршат јавни овластувања и дејност од јавен интерес, годишен извештај до Агенцијата доставија 66 иматели, додека 6 иматели не го испочитуваа Законот.

Од регистрираните 60 политички партии, извештај доставија 48, додека службените лица кај 4 партии не поднесоа годишен извештај. И покрај покренатите прекршочни постапки против 8-те политички партии, истите не доставуваат отчет до Агенцијата, согласно членот 36 од Законот.

Од примените и обработени извештаи (вкупно 1.394), кои до Агенцијата се доставени од имателите, истите покажуваат дека до нив, како иматели, се поднесени вкупно 6.968 барања, од кои на 6.542 во законскиот рок е позитивно одговорено. Оваа извештајна година имателите покажуваат дека до нив се поднесени 318 барања помалку од минатата година. Намалениот број на поднесени барања до имателите секако е резултат од активностите кои Агенцијата ги презема за промоција за што поголема примена на проактивната транспарентност на институциите, преку објавување на информациите од нивната надлежност, на нивните веб страници. Проактивното објавување на информации придонесува кон зголемување на транспарентноста, затоа што го подобрува пристапот до информации од јавен карактер, но и нивниот квалитет, а на ваков начин се подобруваат условите и можностите за јавно учество и влијание врз процесите на креирање на политики и носење на јавни одлуки. Сето ова, придонесува и за подобрување на јавната отчетност, бидејќи ги

подобрува правилата, прописите и механизмите за јавна одговорност на одговорните лица во институциите.

Во овој годишен извештај, Агенцијата сака да потенцира дека за првпат од страна на имателите и службените лица не е доставен годишен извештај кој не е во согласност со законските обврски кои произлегуваат од Законот, односно нецелосен и неправилно пополнет годишен извештај, а тоа повторно е резултат од работата на Агенцијата, преку спроведените обуки за службените лица кои континуирано се одвиваа во 2023 година. Со овој податок, Агенцијата покажува дека нејзината едукативна улога дала голем ефект, а службените лица преку обуките ги согледале грешките кои во извештаите ги прикажуваа во изминатите години.

Во извештаите кои службените лица ги доставија до Агенцијата, прикажуваат и податоци кои се однесуваат на исклучоците од слободниот пристап пропишани во членот 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, или пак со други законски прописи, а кои биле причина за одбивање или отфрлање на пристапот и тоа за 234 барања, што е за 11 барања помалку од извештајната 2022 година. Во своите извештаи, имателите известуваат и за 119 неодговорени, но и за 13 барања кои се пренесени за постапување во 2024 година, а кои се примени на истекот на календарската 2023 година. За 60 барања прикажани во годишните извештаи, службените лица не известуваат за начинот на постапување.




Графикон 6: Постапки по барања

Службените лица во доставените извештаи прикажуваат и податоци, според кои, барателите во знак на незадоволство од постапувањето на службените лица, вложиле 266 жалби против првостепени одлуки на имателите, а од кои по разгледувањето со одлука на Агенцијата биле усвоени 204 жалби. Наведеното не кореспондира со бројот од 453 жалби за кои известува Агенцијата, што доведува до заклучок дека службените лица кај имателите на информации во доставените годишни извештаи не ги прикажуваат жалбите.

Годишните извештаи содржат и податоци за 80 преиначени првостепени одлуки, за 33 одбиени жалби од страна на Агенцијата, но и за 13 отфрлени жалби.

Кај барателите, повторно најголем интерес има за работата на Единиците на локална самоуправа и планските региони, каде службените лица известуваат дека до нив биле поднесени 2.480 барања, што е за 22 барања повеќе од минатата извештајна година.

Зголемен број на поднесени барања има и кај органите на државната управа до кои биле доставени 2.315 барања, што во однос на извештајната 2022 година е зголемување за 228 барања. До Министерството за внатрешни работи поднесени биле 335 барања, што е зголемување за 142 барања повеќе од 2022 година. Од страна на барателите се доставени 110 барања до Министерство за животна средина и просторно планирање, а по нив следи Владата на Република Северна Македонија-Генерален секретаријат со 106 барања. Интерес кај барателите имало и за работата на Министерството за образование и наука и Министерството за финансии, каде биле поднесни 101, односно 100 барања информациите од јавен карактер. До Судските власти биле доставени 773 барања што е зголемување за 43 барања од минатата година.

Зголемен интерес има и за работата на образовните институции од сите степени, каде биле доставени 435 барања или 71 барање повеќе од 2022 година.

Две извештајни години, барателите намален интерес покажуваат за функционирањето на политичките партии, со поднесени 56 барања, односно 14 помалку од минатата година.

Евидентно намалување на поднесени барања, според доставените податоци од годишните извештаи, има кај јавните претпријатија и установи и тоа за 339 барања. Оваа година, 506 баратели поднеле до оваа група на иматели барања за слободен пристап до информации. Исто така, намален интерес за нивната работа покажуваат и здравствените институции и тоа за 337 барања, односно до нив било поднесено 271 барање. Намален број покажуваат и службените лица кај правните и физички лица кои вршат јавни овластувања и

дејност од јавен интерес и до нив биле доставени 132 барања или 22 помалку од минатата година.



Графикон 7: Број на поднесени барања до иматели

До Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер како имател на информации беа доставени 4 барања, кои беа позитивно одговорени во законскиот рок.

### 4.4.7. Содржина на Годишни извештаи

Во своите годишни извештаи имателите, односно службените лица, како и секоја извештајна година, известуваат за барањата кои биле доставени до институциите. Најголем број на барања (4.795), барателите доставиле до единиците на локалната самоуправа и органите на државната управа. Работењето и функционирањето на овие иматели во континуитет се најинтересни за граѓаните, односно барателите на информации и најчесто поднесувале барања за: Во колку и кои општини се донесени урбанистички планови, листи на бесправно легализирани објекти, доделени дозволи за градби, финасиски извештаи за капитални активности, завршни сметки за буџетите на општините, за постапките со јавните набавки. Потоа, информации во однос на скрининг процесот и Поглавјето 5-Јавни набавки од Кластер 1, финансиски средства кои се однесуваат на културата, како и капитални

инвестиции од државен интерес. Исто така, предмет на барања биле податоците за ангажирани експерти во работни групи во врска со донесување на одредени закони, средствата потрошени од страна на домашни делегации во странство, договори за капитални инвестиции и финасирањето на маргинализирани групи и поделената социјална помош.

Во извештаите, имателите прикажуваат дека од интерес биле и работата на управните и надзорните одбори во јавните претпријатија, како и кај правните и физичките лица кои вршат дејност од јавен интерес, односно спортските федерации. Биле побарани и информации за надоместоците кои ги примаат членовите на управните и надзорните органи, но и податоци за нивните членови.

Барателите од судската власт барале информации кои се однесуваат на работата на АКМИС системот и податоци од својата дејност, со кои располагаат судовите.

Барањата до политичките партии се однесувале на бројот на вработени во партијата, нивното финасиско работење, средствата добиени од донации и со колкав имот располагаат.

### 4.4.8. Соработка со службени лица кај имателите

Агенцијата, интензивно соработуваше со службените лица кај имателите на информации од јавен карактер и во извештајната 2023 година, од причини што еден од основните предуслови за успешно имплементирање на Законот е токму соработката со лицата кои се назначени, односно им е делегирана надлежноста да го имплементираат Законот.

Контактите на вработените со службените лица беа искористени за појаснување на законските обврски кои се однесуваат на обврските на новоназначените службени лица, за начинот на кој се овластува новото службено лице, но и за правилното пополнување и заверување на образецот за годишен извештај со потпис на службените лица, односно им беше појаснувано делегирањето на надлежностите кои како службени лица ја имаат со оваа за нив нова, но и непозната законска обврска. Вработените во Агенцијата, постојано беа достапни за службените лица помагајќи им поуспешно да одговорат на нивните предизвици кои произлегуваат од законот и на кој начин поуспешно да го имплементираат едно од основните човекови права во нивната секојдневна работа, а која се однесува на слободниот пристап до информациите од јавен карактер. Оваа континуирана комуникација ги олесни дилемите и нејаснотиите кои се јавуваат кај новоназначените службени лица за што

подобра имплементација на законот, а нејаснотиите и недоволната упатеност во новата за нив проблематика, резултираше со тоа оваа извештајна година да нема ниту еден нецелосен и неправилно пополнет годишен извештај. Сето ова е резултат на успешната взаемна соработка на Агенцијата и службените лица кај имателите на информации.

И оваа извештајна година, Агенцијата како позитивен пример на институции кои самоиницијативно доставија барања, но и Годишен извештај, за да бидат дел од Листата на иматели, ги истакнува: ЈОУ Културен информативен центар-Битола, Детска градинка СОНЦЕ-ДИЕЛИ- с.Брвеница, Детска градинка Виножито-Струмица, ООУ„Беса"-с.Мала Речица, како и политичката партија Демократско движење. Агенцијата како и секоја извештајна година, иако нема законска обврска, изготви Потсетник за доставување на Годишниот извештај, кој заедно со пропишаниот Образец пред истекот на календарската година, по електронски пат го достави до имателите и назначените службени лица. Службените телефонски линии до рокот предвиден за доставување на годишните извештаи, функционираа се со цел службените лица кај имателите да се консултираат за нејаснотиите кои им се јавуваат при пополнувањето на Образецот за извештај, но и за прашања кои се дел за успешно имплементирање на Законот.

Во 2023 година, до Агенцијата беа доставени 134 Решенија за назначување на нови службени лица од страна имателите и за истите, како и за останатите службени лица, беа одржани обуки на кои беа запознаени со Законот и неговата практична имплементација.

### 4.4.9. Мониторинзи на веб страните на имателите и едукативни материјали

Информациите од јавен карактер им се достапни на граѓаните на два начина - со проактивност на самите институции и со реактивни средства – односно со поднесување на барање за информации до одредени иматели. Проактивната транспарентност подразбира навремено објавување на информациите од јавен карактер од страна на институциите и кои тоа го прават по сопствена иницијатива, пред од нив да бидат побарани по усмен, писмен или електронски пат, преку јасни, транспарентни и лесно достапни веб-страници кои ги содржат сите информации од значење за граѓаните. Ваквото проактивно објавување информации придонесува за зајакнување на правото и ѝ овозможува на јавноста да се запознае со прописите, одлуките, креирањето на политики и други дејствија што се од нивен интерес и истите ги засегаат.

Агенцијата, во извештајната 2023 година, спроведе три мониторинзи на веб страните на Владата на РСМ, министерствата, органите во состав, опфатени со Стратегијата за Транспарентност на Владата (2019-2022), Општините и Центрите за развој на планските региони и Јавните претпријатија под надлежност на општините и Град Скопје и Јавните претпријатија и акционерски друштва во државна сопственост. Агенцијата, согласно своите надлежности, но и како додадена вредност на слободниот пристап до информации од јавен карактер во однос на проактивното објавување на информациите, согласно член 10 од Законот, спроведе мониторинзи на гореспоменатите иматели, се со цел да се констатира нивото на проактивната транспарентност на оваа група на иматели на информации, а во извештаите се презентираа наодите со кои се испитуваше степенот на објавените информации кои се релевантни за граѓаните, за годишните извештаи за нивната работа, дали на барателите на информации им се даваат точни, прецизни и целосни податоци, дали кај имателите има определено службено лице за посредување со информациите од јавен карактер, како и бројни други прашања врз основа на кои се оценува примената на стандардите за проактивна транспарентност. Мониторинзите имаат за цел да им презентираат на имателите до кој степен ја имплементираат проактивната транспарентност во својата работа, но и им укажуваат на имателите дека преку поставување на унифициран банер во кој ќе ги објавуваат информациите од јавен карактер, а воедно и ќе ги ажурираат истите, ќе бидат по достапни до граѓаните. На тој начин барателите на информации на брз и едноставен начин ќе можат да пристапат до бараните информации кои се од нивен интерес.

Добиените резултати и помагаат на Агенцијата во конципирањето на обуките за службените лица, а се со цел да им се покаже на имателите дека со имплементирањето на активната транспарентност и доследна примена на членот 10 од Законот, им помагаат на граѓаните подобро да го разберат функционирањето на институциите, нивните права и обврски, начинот на кој што можат да влијаат врз донесувањето на одлуките што се рефлектираат врз нивното секојдневно живеење и работење, како и полесно да им пристапат на услугите што со својата надлежност им ги нудат мониторираните институции како иматели на информации од јавен карактер.

Исто така, беше изготвена споредбена анализа која се однесува на 44 иматели на информации: Владата на РСМ, министерствата и органите во состав, за периодот 2018-2022 година, а е направена согласно Стратегијата за транспарентност на Владата (2019-2022). Анализата хронолошки го покажува трендот на активната транспарентност низ годините која ја покажуваат

институциите од оваа категорија на иматели. Анализата е подготвена од извршените мониторинзи кои Агенцијата еднаш годишно ги прави на веб страните на имателите и истата го покажува трендот на нивната проактивна транспарентност. Може да се заклучи дека просечната транспарентност и проактивното објавување на информациите во анализираниот петгодишен период, за Владата и министерствата е 79%, додека транспарентноста на органите во состав на Владата е 71%. Просекот на транспарентноста на вкупно мониторираните институции за петте години е 74%, што покажува добар степен на транспарентност.

Агенцијата, за имателите на информации подготви и сет едукативни материјали кои се однесуваат на проактивната транспарентност и тоа: Транспарентни институции, информирани граѓани-Водич за проактивна транспарентност, Потребни предуслови за ефективен пристап до информации и Насоки за проактивно објавување на информации од јавен карактер за иматели на информации кои немаат официјална веб страна. Едукативните материјали се достапни на веб страната на Агенцијата, а со истите службените лица се запознаваат на обуките, со цел нивна имплементација во пракса.

### 4.4.10. Обуки и едукација

Агенцијата и во текот на извештајната 2023 година особен акцент стави на едукативниот дел, спроведувајќи поголем број активности на полето на обучување на службените лица за посредување со информации на првостепените органи, како и на раководни лица кај имателите на информации.

Овозможувањето на уставно загарантираното право на слободен пристап до информациите кои ги создале, или пак со кои располагаат јавните органи, правните и физички лица кои вршат јавни овластувања и дејности од јавен интерес, вклучително и политичките партии (во делот на приходите и расходите) им беше презентирано на повеќе од 200 претставници од 136 институции од Републиката.

Поради буџетски непоткрепена можност за едукација на сите службените лица од 1.457-те иматели на информации, Агенцијата се обиде преку 8 он-лајн обуки и 5 работилници со физичко присуство да ги опфати новоназначените службени лица за посредување со информации кај имателите на информации, оние кои почувствувале потреба од дополнително посетување на обука, како и службените лица од институции за кои Агенцијата забележа дека во претходниот период не биле доволно успешни во справувањето со

барањата за пристап до информации од јавен карактер. Така, во првата половина на 2023 година, преку ZOOM платформата, со одржаните 8 обуки беа опфатени 137 службени лица од 104 јавни органи, додека во втората половина од годината беа реализирани 5 работилници на кои присуствуваа 65 службени лица од 32 институции - имател на информации.

Првенствена цел на обуките беше оспособување на службените лица за правилно и навремено одговарање по барањата за пристап до информации. Притоа, посебен акцент беше ставен на должноста на имателите на информации за нивно проактивно дејствување, со цел за целосно објавување на информациите од јавен карактер со кои тие располагаат.

Како специфична цел на обуките беше практичното обучување за донесување правилни и врз закон засновани правни акти, запознавање со целите и активностите на Агенцијата како второстепен орган во постапката, како и искуствените симулации на спроведување на тестот на штетност во случаи на одбивање на пристап до бараните информации согласно член 6 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Агенцијата не може да биде задоволна со оствареното на полето на едукација, не од причина што во текот на извештајната година опфатени се само 136 од 1.457-те иматели на информации, туку од фактот што не и се обезбедуваат дополнителни средства од буџетот за повеќе од потребната нужност за остварување на основната цел на овој антикоруптивен Закон – стопроцентна отвореност и транспарентност во работењето на институциите.

Во таа насока Агенцијата потсетува и апелира до сите службени лица за посредување со информации, посебно до одговорните лица кај имателите на информации, безрезервно да одговараат на поканите од Агенцијата, како и самите да се пријавуваат за помасовно учество на бесплатните обуки, поради правилна имплементација на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и воедно остварување на правото на граѓаните за целосно информирање за работењето на јавните органи и останатите иматели на информации, на централно и на локално ниво.

### 4.4.11. Веб локација на Агенцијата

Веб локацијата на Агенцијата и оваа извештајна година продолжи да ја промовира проактивноста во нејзината работа. Е-порталите стануваат се попрепознатливи од страна на корисниците, и во 2023 година беа користени од имателите и барателите кои го користат и имплементираат слободниот пристап до информации од јавен карактер.

Граѓаните и граѓанските организации, како баратели на информации од јавен карактер, го препознаа Порталот за баратели-http://slobodenpristap.mk/ како алатка преку која на брз начин можат да ја добијат бараната информација која ја поседуваат имателите на информации. Преку Порталот за баратели беа поднесени 90 барања, и сите се поднесени до Општина Прилеп и тоа од физички лица. Сите креирани барања се јавно достапни на порталот и барателите можат да се запознаат со барањата кои биле поднесени до имателите на информации.

Агенцијата, Порталот за иматели, го користеше за комуникација со имателите, а на обуките за службени лица се организираа посебни сесии на кои им беше појаснувано како истиот да го користат. Преку порталот во законски предвидениот рок за доставување на Годишни извештаи оваа своја обврска успешно ја исполнија 52 иматела. Агенцијата и понатаму во насока на дигитализација на процесите во своето работење ќе дава поттик барателите и имателите да ги користат Порталите за да го креираат своето барање со цел да ја добијат потребната информација од јавен карактер, но и на брз и ефикасен начин да ги исполнат своите законски обврски поврзани со имплементација на Законот.

И во извештајната 2023 година, Агенцијата преку својата веб локација ги информираше граѓаните за своите активности, како и за изготвените анализи и извештаи од својот делокруг на работа. Во делот ПУБЛИКАЦИИ беа објавени извештаите од мониторинзите за проактивното објавување на информации на веб локациите на имателите, како и едукативни материјали потребни за службените лица и истражувачките новинари, се со цел оваа група на баратели што повеќе да ја користат оваа алатка во својата секојдневна работа.

Агенцијата, на својата веб локација ја продолжи праксата на објавување на информациите од своето тековно, но и финасиското работење. Во отворен формат се објавуваат податоци во врска со финансиските извештаи, како и од Годишниот извештај, со што нејзиното проактивно работење има додадена вредност. Исто така, во банерот ДОСТАВЕНИ РЕШЕНИЈА се објавуваат сите Решенија по кои Агенцијата постапува. Во посебен банер Е-УЧЕЊЕ, поставен е и е-курс кој службените лица можат да го ислушаат и на крајот да го решат тестот, што е дополнување на редовните обуки кои Агенцијата ги спроведува за нив.

### 4.4.12. Јавност во работата

Одделението за односи со јавноста го застапува и промовира правото на слободен пристап до информации од јавен карактер преку стратешки

медиумски ангажман и да ја промовира важноста на Агенцијата и нејзината работа во очите на јавноста. Ова вклучува поттикнување на транспарентност, отчетност и отворена комуникација на Агенцијата со јавноста и соработниците, како и зајакната соработка со медиумите и останатите чинители во нашето општество.

## Медиумски кампањи, организација на настани и меморандуми

*Дигитални кампањи:* Одделението за односи со јавноста активно се приспособува кон трендовите во електронската индустрија, користејќи ги веќе споменатите дигитални платформи и иновативни комуникациски стратегии и алатки.

За оваа цел, Одделението за односи со јавност создаде сеопфатна мултимедијална дигитална кампања од едукативен карактер спроведена преку платформите на социјалните мрежи за да се подобри вклученоста на јавноста во работата на Агенцијата, да се подигне свесноста кај граѓаните за нивното право на слободен пристап до информациите од јавен карактер, да се доближи начинот на барање и давање информација од јавен карактер до сите заинтересирани страни, како и да се едуцираат граѓаните за важноста и правото на слободниот пристап до информациите од јавен карактер.

*Организација на настани:* На 28 септември 2023, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер го одбележа Меѓународниот ден за универзален пристап до информации по 21 пат – настан кој традиционално се реализира под мотото „Имаш право да знаеш“.

Кон ова, Одделението за односи со јавност организираше интерактивна кампања на истакнати локации во најголемите трговски центри во Скопје (Ист Гејт и Сити Мол) со цел да опфати поширока демографска слика во промоцијата на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер и да го охрабри учеството на јавноста како клучен чинител во едно демократско општество.

Во рамките на оваа кампања, тимот на правници беше достапен од 12-18ч на овие локации со цел граѓаните да можат лично да поразговараат со и да добијат правни информации и совет, но и непосредно да се запознаат со нивното право на пристап до информации од јавен карактер, како и правните механизми за заштита на ова право.




*Слика 1.* Информативени пунктови

## Медиумски изјави и интервјуа

***Телевизиски интервјуа:*** Во 2023, Одделението за односи за јавност организираше и спроведе кус циклус на интервјуа со директорката Пламенка Бојчева и дел од вработените во Агенцијата со поддршка на Националниот телевизиски сервис „Македонска Телевизија“ - *Утринска програма на македонски и албански јазик*, преку кои беше артикулирана важноста на слободниот пристап до информации од јавен карактер и транспарентноста, расветлувајќи ги иницијативите на Агенцијата, концептот на јавни информации и природата на барањата на граѓаните за пристап до јавни

информации од правен аспект, значењето и важноста на информираното граѓанство, проактивната транспарентност, како и начинот на кој што граѓаните можат да го остварат нивното уставно загарантирано право за пристап до информациите од јавен карактер или да вложат жалба доколку се соочат со молк од страна на институциите.

Во овој циклус на интервјуа беа вткаени и успешните примери од работата на Агенцијата, но и предизвиците со кои што се соочува Агенцијата во напорите за проактивна транспарентност на институциите, што придонесе за зголемена проминентност и разбирање на работата на Агенцијата во јавноста.

## Промотивни материјали

***Инфографика, брошури и брендиран промотивен материјал:*** Одделението за односи со јавност во извештајната 2023 беше задолжено за ребрендирање на промотивниот материјал (банери кои го отсликуваат идентитетот на Агенцијата, рекламни пултови, постери, маици, пенкала, беџови, тефтери, папки, шолји, знаменца, чадори, слушалки, кондиторски производи, налепници и дигитални постери наменети за социјалните мрежи), изработувајќи нов графички дизајн на материјалите, со слогани и симболи кои го промовираат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер („*Имаш право да знаеш*“ и „*Сите информации на дланка*“).




*Слика 2.* Илустрација на двојазичната брошура




*Слика 3.* Илустрација на банери

Брендираниот рекламен материјал беше дистрибуиран на организираните настани, преку онлајн платформите или во директна комуникација со соработниците и граѓаните.

## Информирање на јавноста

*Соопштенија за јавноста (PSAs), публикации и социјални мрежи:* Одделението за односи со јавност во текот на 2023 редовно споделуваше дигитално-адаптирани и илустрирани соопштенија и информации преку комуникацските канали на Агенцијата (на социјалните мрежи LinkedIn, Instagram, и Facebook) за навремено информирање на јавноста во врска со активностите и работните планови на Агенцијата, обезбедувајќи при тоа точно, детално и навремено известување.

Кон ова, Интернет-страницата на Агенцијата во извештајниот период беше надополнета со нови вести, содржини и публикации, кои едновремено беа

преведувани и објавувани на три јазика (македонски, албански и англиски) со цел информациите да стигнат до поширок број на граѓани.

### Корпоративната општествена одговорност и одржливост

Нашата посветеност на корпоративната општествена одговорност беше демонстрирана преку иницијативи кои промовираат еколошка одржливост и ангажман на заедницата. За оваа цел, Агенцијата започна да применува QR-код (т.е. код за брз пристап до информации) во комуникацијата со граѓаните, што претставува чекор кон напред во дигитализацијата на нашите услуги, но воедно се елиминира голем дел од хартиените промотивни материјали и се олеснува пристапот до нашите услуги и совети на граѓаните.




*Слика 4.* QR-код за брз пристап до Интернет-страницата на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер

На овој начин, Агенцијата, како општествено одговорен субјект во нашето општество, успешно успеа да ги поврзе посветеноста кон промоција на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер со посветеноста за заштита на животната средина.

### Идни насоки

Гледајќи напред, Одделението за односи со јавноста при Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер

има за цел да продолжи со својот проактивен пристап во промовирањето на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер. Плановите вклучуваат проширување и осовременување на дигиталниот пристап и содржини, зајакнување на соработката со медиумските партнери и истражување на иновативни начини за поврзување со поголем број на граѓани со цел да ја издигнеме јавната свест за правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер на повисоко ниво.

## 4.5. ОБУКИ НА ВРАБОТЕНИТЕ

Во оваа извештајна година:

Во текот на месец март (вработените во Агенцијата успешно ги завршија on-line обуките за сајбер безбедност кои беа обезбедени од Агенцијата за електронски комуникации (АЕК) односно Националнниот центар за одговор на компјутерски инциденти (МКД-ЦИРТ) за сите вработени во јавната администрација.

Еден вработен во периодот од 13.03.2023-17.03.2023 година присуствуваше на Едукација за јавни набавки – обука на лица за јавни набавки за сертификација.

Во просториите на Агенцијата на 07.04.2023 година се одржа обука со што се исполни законската обврска согласно Законот за безбедност и здравје при работа, а се со цел да се подобри нивото на безбедност и здравје на вработените во Агенцијата на работните места.

На ден 30.03.2023 година, Мрежата за човечки ресурси координирана од Министерството за информатичко општество и администрација, во соработка со Регионалната школа за јавна администрација - РЕСПА и Универзитетот Нотингем од Обединетото Кралство се одржа “Презентација за евалуација на задоволството на вработените”, по која што во мај дали вработените се од работењето и вработените во министерството за информатичко општество и администрација, задоволни од своите работни места и септември се спроведе Национална Анкета за вработените во Агенцијата.

Еден вработен на 30 и 31.03.2023 година присуствуваше на завршната Регионална конференција „Предизвиците со кои се сретнуваат жените и девојчињата во регионот на патот кон ЕУ„ организирана од Министерството за труд и социјална политика, На оваа дводневна конференција беа презентирани искуствата и добри практики од земјите од регионот за унапредување родовата еднаквост, мерки и активности за

економско јакнење на жените, одговор на потребите на жените од ранливите групи и вложувањето во менталното здравје и благосостојбата на жените.

На 4 и 5 април 2023 година во Скопје, се одржа дводневна обука за градење на капацитетите на институционалните претставници ефективно да споделуваат информации за деца кои отсуствуваат од училиште, во рамки на „Пилот-проект за Систем за рано предупредување за исчезнати деца" спроведуван од Здружението „Новинари за човекови права", во соработка и под раководство на проекти на „ЕКПАТ Австрија". На обуката двајца вработени од Агенцијата споделија практики за пристапот до информациите од јавен карактер и како да бидат достапни на веб-страницата – Систем за рано предупредување за исчезнати деца. Двајца претставници од Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер присуствуваа на завршната конференција на проектот „Пилот-проект за Систем за рано предупредување за исчезнати деца", која се одржа на 18 декември.

На информативниот настан (обука) за користење на инструментот TAIEX кој се одржа на 20.04.2023 година присуствува двајца вработени. Настанот беше наменет за службеници кои се TAIEX контакт точки во нивните институции од државната и јавната администрација на централно ниво SAVE THE DATE: TAIEX ИНФО ДЕН / TAIEX INFO DAY организиран од Секретаријат за европски прашања.

Во текот на месец јуни двајца вработени во Агенцијата, посетуваа основни обуки, во прва фаза, како и напредни обуки за интегрирање на родовата перспектива во работата со ЕУ фондовите (ИПА), во втора фаза од обуките. Следува трета фаза на обуките, кои се сроведуваа преку Канцеларијата на UN Women во Република Северна Македонија, во рамки на проектот Советодавни услуги за вклучување на родовата перспектива за администрацијата на централно ниво – Инструмент за родова еднаквост (Gender Equality Facility - GEF). На 15.05. и 22.09.2023 година беа одржани специјализирани обуки за спроведување на системот на интегритет во рамки на проектот „Активност за анти-корупција и интегритет". Со полноправно членство во НАТО алијансата Република Северна Македонија е обврзана да го прилагоди системот за одбрана за што во организација на Министерството за одбрана двајца вработени во Агенцијата учествуваа на работилница–симулациска вежба за определување на органите на државната управа за остварување на својата функција во воена состојба на 27.09.2023 година.

На 26.09. и 23.11.2023 година на тема Процена на ризикот од корупција, во организација на CIPFA, во соработка со IFES, а финансиран од USAID присуствуваа административни службеници од Агенцијата.

На 27 и 28 февруари 2023 година и на 21.11.2023 година беше одржана Обука/Работилница со повеќе засегнати страни на тема „Развивање стандарди за известување во разузнавачки и безбедносни служби и надзорни институции“. Организирана во рамките на Програмата за реформа на разузнавачкиот и безбедносниот сектор на ДЦАФ во Република Северна Македонија, поддржана од Швајцарија, Шведска и Холандија.

На 27.10.2024 година еден вработен во Агенцијата учествуваше на советувањето во организација на Правоматика на тема подготовка, измени и дополнувања на Годишните планови за вработување.

Од 31 октомври до 2 ноември 2023 година, Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС) организираше Работилницата за медиуми и избори, со користење на методологијата и пристапите за градење ресурси во демократијата, владеењето и изборите (BRIDGE), на која што присуствуваше еден вработен во Агенцијата.

Преку Проектот за инклузија во пристапот до јавните информации за лица со попреченост во организација на Здружението за промоција и развој на инклузивно општество Инклузива, поддржан од Фондацијата „Отворено општество – Македонија“ и амбасадата на САД, на 23 и 24 ноември 2023 година се одржа дводневна обука на вработените во Агенцијата, со цел да се зајакнат вештините на вработените во Агенцијата за инклузија на лицата со попреченост, од аспект на остварувањето на правото на пристап до информациите од јавен карактер. Во рамки на овој проект се одржаа обуки и во три пилот-општини (Прилеп, Гостивар и Дојран).

На 20.10.2023 година еден вработен присуствуваше на работилница како дел од проектот Рамноправноста низ призма на статистиката.

Во текот на октомври-ноември двајца вработени во Агенцијата посетуваа обука на Лондонска школа за односи со јавноста и се здобија со Сертификати за основите на односите со јавноста.

Во ноември 2023 се одржа еднодневна обука за реализација на попис, пет вработени во Агенцијата беа запознаени со начинот на користење на дигиталниот уред TC Touch computer како и користење на софтверот Frontman FIND поврзан со реализација на пописот.

На 21.12.2023 година еден вработен присуствуваше на обука за електронски пазар за набавки од мала вредност.

# 5. МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ПРОЕКТИ НА АГЕНЦИЈАТА ВО 2023 ГОДИНА

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер за периодот 1 јануари до 31 декември 2023 година од аспект на меѓуинституционална и меѓународната соработка, покрај континуираното одржување на веќе воспоставените релации со своите соработници и сродни институции, беше активна и на полето на релизацијата на проектни активности, подготовки на извештаи, како и бројни учества во работни групи, посети на конференции, обуки и работилници.

## 5.1. МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА НА АГЕНЦИЈАТА ВО 2023 ГОДИНА

### 5.1.1. Стратегија за реформа на јавната администрација 2023-2030 и Акциски план 2023-2026

Во првиот квартал од годината беше подготовен и доставен последниот извештај до Министерството за информатичко општество и администрација за подготовка на петтиот годишен извештај за имплементацијата на Стратегијата за РЈА (2018 – 2022) за периодот јануари-декември 2022 година.

Преставниците од Агенцијата како активни членови на работната група за реформа на јавната администрација (РЈА), беа присутни на сите подготвителни состаноци наменети за последните подготовки на Наративниот дел на Стратегијата за РЈА 2023-2030, како и процесот на утврдување на Мерките, Активностите и Пасошките индикатори за Акцискиот план 2023-2026 од горенаведенеата стратегија. Новитет во процесот на планирање и подготвување беше пополнувањето на обрасците за ризици и деталната буџетска пресметка за потребни финансиските средства за реализација на наведените активности во Акцискиот план. Согласно, овој документ Агенцијата во својот буџетски циркулар достави побарување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија, но истите не беа одобрени од страна на Министерството за финансии во Буџетот на Агенцијата за 2024 година. Во средината на третиот квартал од 2023 година Стратегијата за РЈА и Акцискиот план беа усвоени. Агенцијата е активнен учесник во работата на Специјалната работна група за СРЈА.

Согласно предвидените активности од Акцискиот план 2023-2026, Агенцијата имаше обврска да подготви извештај за две активности, А3.4.1.2. и А3.4.1.3, кои се содржани под ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 3: ОДГОВОРНОСТ, ОТЧЕТНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ, под Општа цел: Одговорно, отчетно и транспарентно работење на институциите, **Посебна цел 3.4.**: Зголемена транспарентност на институциите на државно и локално ниво, **Мерка М 3.4.1**. Унапредување на алатките за достапност на информациите од јавен карактер.

Во врска со **Активност А3.4.1.2.** Подготовка на измени и дополнувања на Законот за СПИЈК со цел:

1. зголемување на надлежностите на Агенцијата
2. унапредување на правото на слободен пристап до информациите.

– Агенцијата го извести следното:

1. Во 2023 од страна на Агенцијата е подготвена и доставена иницијатива до Министерство за правда, од чија страна сме известени дека истото е доставено до Влада на РСМ, која на одржаната седница на 16 јануари 2024 година, донесе ПРОГРАМА за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година, во чии рамки за Април 2024 е содржана следната активност: **Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер**.

Во насока на истата активност, во рамките на Акциски план на Национална стратегија за правата на лицата со попреченост 2023 – 2026, во Приоритетна област 1, Мерка 5.1. Обезбедување информации и комуникација во сите пристапни форми, соодветни на потребите на лицата со попреченост, содржана е следната активност: А 5.1.3 Измена на законот за слободен пристап до информации од јавен карактер со воведување на одредби за начините на коишто секој имател на информации ќе биде должен да обезбеди информирање на јавноста на пристапен и достапен начин.Додека за активност **А 3.4.1.3.** Подготовка на процедури за проактивно објавување на информациите кои ги создаваат или со кои располагаат институциите, нивно водење и ажурирање.

– Агенцијата го извести следното:

Во соработка со бројни партнери од невладиниот сектор се одржани неколку работни средби, а се со цел да се обезбедат донаторски средства реалзиација на активноста. Подготвена и поднесена беше една проектна апликација на повик на USAID, која во вториот циклус на селекција беше одбиена.

И во 2024, Агенцијата континуирано и посветено работи на обезбедување на донаторски сретства за реализација на оваа активност.

### 5.1.2. Национална стратегија за правата на лица со попреченост 2023-2026

Агенцијата во соработка со Министерството за правда, беше директно вклучена во процесот на развојот на Националната стратегија за правата на лица со попреченост 2023-2026. И покрај, бројните предлози подготвени и доставени од страна на Агенцијата, во Акциски план усвоена е само една активност поврзана со слободниот пристап и тоа:

Измена на законот за слободен пристап до информации од јавен карактер со воведување на одредби за начините на кои што секој имател на информации ќе биде должен да обезбеди информирање на јавноста на пристапен и достапен начин.

Следната активност на Агенцијата во соработка со Министерството за правда беше реализирање на иницијатива за ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за пристап до официјални документи или т.н. Тромсо конвенција (усвоена од Комитетот на министри на 27. 11. 2008 година). За таа цел, Агенцијата подготви и достави споредбен приказ на усогласеноста на одредбите од Конвенцијата и Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“број 101/2019).

### 5.1.3. Рамка за проценка на изводливост/ перформанси ПФМ

Во рамката за проценка на изводливост на Министерството за финансии, односно мерењето на работните перформанси чии вредности за многу области и институции се содржани на електронската ПФМ (PAF) платформата (pafnorthmacedonia.mk), на годишно ниво Агенцијата има обврска да известува за вкупно 5 индикатори, односно 3 индикатори кои се наоѓаат во две области Правда и внатрешни работи и Демократија и владеење.

Конкретно, два идентични индикатори во подгрупите Борба против корупцијата и еден дополнителен во Одговорност, отчетност и транспарентност под СРЈА.

Агенцијата за 2023 година ги извести следните процентни вредности и тоа:

1. Стапката на примени жалби поради „молчење на администрацијата“ изнесува 61%;
2. Стапката на одлуки со кои се уважува пристапот до информации од јавен карактер изнесува 70,92%; и
3. Стапката на одбиени барања за пристап до јавни информации од јавни институции изнесува 3,83%.

### 5.1.4. Билатерален скрининг за реформа на јавната администрација

После процесот на известување во рамките на билатералниот скрининг од страна на Европската Комисија беше доставено дополнително прашање, и тоа: „Како известуваат институциите до регулаторите (на пример, повеќе од 1.400 иматели на информации од јавен карактер до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер)?”

Агенцијата веднаш го подготови и достави следниот одговор:

> „Постојат 3 начини на кои имателите на информации можат да го доставаат до Агенцијата својот Годишен извештај. На е-порталот за иматели на информации (портал на заедницата), по електронска пошта (на конкретната е-пошта на АГЕНЦИЈАТА за оваа намена godisniizvestai@aspi.mk) или по пошта. Согласно Законот за СПИЈК член *36 став (1) "Службеното лице на имателот на информацијата е должно да подготви годишен извештај за спроведување на овој закон, да го достави до Агенцијата до 31 јануари во тековната година за претходната година и да го објави на веб страницата на имателот на информации од јавен карактер."*

### 5.1.5. Стратегијата за транспарентност на Владата на Република Северна Македонија, со Акциски план 2023-2026 година

Агенцијата во текот на 2023 година учествуваше на неколку подготвителни работни состаноци на работната група задолжена за подготвување на тригодишната Владината Стратегија за транспаретност со Акциски план, која беше усвоена во декември 2023.

Приоритетни области во новата Стратегија се унапредување на активната транспарентност; унапредување на пристапот до информации од јавен карактер; фискалната транспарентност и унапредување на дигиталните можности на институциите за олеснување и автоматизирање на процесот на отворање на податоците. Носечкиот фокус на стратегијата се однесува на зајакнување на механизмите за отчетност при креирањето на политиките и нивна транспарентноста и подигнување на свеста за проактивно учество во процесите на останатите чинители во општеството.

Во Акцискиот план за 2023-2026 година подетално се разработени мерки, конкретизирани со активности, временската рамка за имплементирање, проценката на потребните финансиски средства за имплементирање на активностите, носител на активноста, како и вклучени институции за спроведување на активноста, меѓу кои е и Агенцијата.

### 5.1.6. Национален акциски план за Партнерство за Отворена Власт (ПОВ) 2021-2023 година

Агенцијата, како носител на активност во рамките на акцискиот план на ПОВ, имаше обврска да известува за активноста **1.2 Проактивно објавување на информациите од јавен карактер на веб-страниците на институциите** ; за период октомври 2021 година до август 2023 година.

Заложбата се однесува на т.н. активна транспарентност на институциите што подразбира објавување на информации на сопствена иницијатива без притоа некој да има доставено до нив барање за пристап до тие информации од јавен карактер. Дополнително, во рамките на заложбата **беше 2.1. Воведена обврска за секоја институција – имател на информации, задолжително да информира во својот годишен извештај што го доставува до Агенцијата и за спроведување на членот 10 од ЗСПИЈК** кој предвидува обврска за имателите да ги објавуваат сите информации од своето работење на своите веб-страници. Целта на заложбата е да им овозможи на граѓаните, фирмите и на сите други заинтересирани групи брз, лесен и континуиран пристап до основните информации за работењето на државните институции. Во 5-тиот извештај на ПОВ стои позитивен заклучок дека оваа заложба во рамките на ПОВ е позитивно реализирана од страна на Агенцијата.

## 5.2. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ПРОЕКТИ НА АГЕНЦИЈАТА ВО 2023 ГОДИНА

### 5.2.1. Активности на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер како членка во Меѓународната конференција на комесари за информации (МККИ)

- **Учество на Меѓународна конференција на МККИ**

Агенцијата од 19-ти до 21-ви јуни 2023 година учествуваше на 14-тото издание на Меѓународната конференција на комесари за информации (МККИ) (International Conference Of Information Commissioners - ICIC) во Манила, Филипини на глобалната конференција насловена „Премостување на информациите меѓу нациите: Конкретизирање на глобалната улога на Пристап до информации за демократско зачувување, инклузивност и развој". Конференцијата беше во организација на домаќините од сродната институција Слободата на информации (СПИ) Филипини (the Freedom of Information (FOI) Philippines).

На 21 јуни 2023 година се одржа затворената сесија на присутните членки на МККИ, на кој беа донесени 12 заклучоци кои беа споделени со сите МККИ

членки. Иситe беа предмет на промените и прилагодувања и беа објавени во форма на нацрт-јавната изјава насловена „Премостување на информации меѓу нациите: конкретизирање на глобалната улога на пристап до информации за демократско зачувување, инклузивност и развој“ што ќе биде претставена на XIV издание на МККИ.

**Соработката помеѓу МККИ и регионалните мрежи** (меѓу кои се наоѓа и Агенцијата како активен член) вклучува поддршка, учество и промоција на нивните активности, како и размена на искуства, истражувања и најдобри практики.

Оттука, во текот на 2023 година, тимот на Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен каракер активно соработуваше со МККИ, развивајќи го индексот на родова еднаквост како главен фокус на ОН меѓу целите за одржлив развој кои треба да се реализираат до 2030.

За потребите на Меѓународната конференција на комесари за информации (МККИ), во текот на 2023, тимот на Агенцијата изработи неколку извештаи и одговори на неколку прашалници, согласно потребите на Секретаријатот на МККИ:

1. Анкета за родови и ранливи групи 17.01.2023: Анкета на Работната група (РГ) за родови и ранливи групи на МККИ која има за цел значително да го забрза напредокот на конкретни начини за унапредување на вклучувањето на родовата перспектива и ранливите групи во пристапот до информациите и политиките за транспарентност. РГ се обидува преку оваа анкета да промовира собирање податоци и споделување искуства како средства за поттикнување на усвојувањето на најдобрите практики во корист на благосостојбата на нашите заедници;
2. Извештај 29.03.2023: Извештај: Leaving-No-One-Behind (LNOB): Подобрување на социјалната и економската вклученост на ранливите групи на локално ниво и Иницијативи за спречување и заштита од родово базирано насилство во Република Северна Македонија / Принципот на Leaving-No-One-Behind (LNOB) е во сржта на Агендата за одржлив развој од 2030 година и нејзините цели за одржлив развој (SDGs);
3. Образец за релевантни предмети 08.04.2023: Подготовка на Образец за релевантни предмети | Работна група за правни предмети за интегрирање во компилација од информативни листови со датотеки за релевантни предмети на МККИ. Работната група за правни предмети на МККИ има за цел да го унапреди знаењето за правните системи и релевантните резолуции во врска со пристапот до информации со сеопфатна цел за зголемување на иновациите. Оваа работна група е

координирана од страна на Националниот институт за транспарентност, пристап до информации и заштита на лични податоци на Мексико;

4. Образец за обука 20.04.2023: Подготовка на Образец за потребите за обука | Работна група за обука на МККИ, со цел да се идентификуваат инструментите или алатките за обука кои би можеле да бидат споделени или реплицирани меѓу членството на МККИ, како и да се индентификуваат областите и темите од интерес за предметот на обука со цел да бидат дисеминирани и споделени. Работната група за обука на МККИ има за цел и да го унапреди знаењето за обуката за пристап до информации и да ја зголеми иновативноста преку активности за промоција, споделување знаење и размена на најдобри практики. Оваа група е координирана од Националниот институт за транспарентност, пристап до информации и заштита на лични податоци на Мексико;
5. Електронско гласање 29.04.2023: Работната група на Агенцијата учествуваше во електронско гласање за избор на членови на Извршниот комитет на МККИ;
6. Јуни-јули 2023: Подготовка на поднесок за тематскиот извештај на специјалниот известувач за слобода на мислење и изразување до Советот за човекови права на ОН: „Слобода на мислење и изразување и одржлив развој - зошто гласот е важен?“ – Извештај за за слобода на информации и одржлив развој, за потребите одржливиот развој и медиумите, истражувачкото новинарство, укажувачите и практична имплементација на Законот за укажувачи во Република Северна Македонија;
7. Анкета 18.07.2023: Истражување за разлики меѓу родовите и ранливите категории;
8. Анкета 09.11.2023: Истражување за собирање податоци за механизмите за евалуација или следење на практиките кои го промовираат правото на пристап до информации за групи во ранливи ситуации.

### 5.2.2. Твининг Лајт апликација

Во декември 2023 година е подготвена Твининг Лајт апликација која Агенцијата ја поднесе до Секретаријатот за Европски прашања на тема:“ Поддршка на слободниот пристап до информации, - Се издигнуваме заедно.“(Supporting the free access to information - We rise together.) “.

Целта на оваа апликација е да се подобри националната политика на полето на транспарентност и отчетност на имателите на информации

централно и на локално ниво во Северна Македонија во согласност со најдобрите практики и препораки на ЕУ.

Се очекува реализација на истата во текот на 2024 година.

## 5.3. СОРАБОТКА СО НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ

Како што беше претходно истакнато, постојниот буџет на Агенцијата е недоволен за ефикасно и успешно функционирање. Како резултат на тоа, менаџментот на Агенцијата беше охрабрен да побара дополнителна поддршка од други извори, како што се соработките и партнерствата со бројни невладини организации.

Склучените партнерства вродија со реализација на бројни активности чии резултати остануваат во трајна и додадена вредност во понатамошната работа на Агенцијата, а тие се:

- **Агенцијата во соработка со Асоцијацијата за демократски иницијативи (АДИ)**

Во јули 2023 година, Агенцијата и АДИ, подготвија проектна апликација која беше поднесена на отворениот ЕУ повик за граѓанско општество и медиуми. Но за жал, Апликацијата во вториот круг на евалуација, беше елиминирана за реализација.

Во духот на добрата соработка, во улога на посредник, Агенцијата го доставуваше Прашалникот (анкетен лист) за мерење на степенот на дискриминација до сите службени лица за посредување со информации од јавен карактер, се со цел собирање на податоци за потребите на проектна активност во рамките на проектот „Рамноправноста низ призма на статистиката“ на АДИ и ХОПС - Опции за здрав живот-Скопје.

На 25.10.2023 година во Скопје Агенцијата на покана од АДИ зема учество, на јавна дебата „ *Последиците од економската криза и кои се очекувањата за следната година*“. Целта на јавната дебата беше презентација на наодите од компаративните извештаи од две анкетни истражувања „Перцепции и ставови на граѓаните и домаќинствата за инфлацијата во Северна Македонија“, како и преку дискусија на клучни актери да се помогне во напорите за дефинирање на мерки и политики за надминување на последиците од кризата. Проектната активност беше реализирана во заедички проект на АДИ и Пулсот на демократијата од Скопје.

Во август 2023 година, Агенцијата за потребите за одбележувањето на Меѓународниот ден за универзален пристап до информации, од страна на АДИ доби поддршка за печатење на дополнителни 1600 примероци од промотивниот материјал Флаер за баратели, кој произлезе од минатогодишната соработка помеѓу АДИ и Агенцијата.

- **Агенцијата во соработка со Македонски центар за меѓународна соработка – МЦМС**

Дополнителна поддршка за обезбедување на промотивни материјали врз основа на взаемно разбирање за меѓусебна соработка и поддршка беше обезбедена за Агенцијата на 1 септември 2023 година преку потпишувањето на Меморандум за соработка со МЦМС. Во кој и двете страни декларираа интерес да обезбедат заеднички придонес кон одбележувањето на Меѓународниот ден за универзален пристап до информации. Оваа соработка беше реализирана во рамки на проектот 23 08 СИК 201 „Мали развојни иницијативи“, финансиран од МЦМС и спроведуван во периодот од 15 февруари до 31 декември 2023 година.

- **Агенцијата во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје**

Во рамките на партнерството помеѓу Агенцијата и ДКСК со поддршка од страна на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, во 2022 година започна проектна активност насловена како *„Дизајн, развој и имплементација на курс за е-учење на принципот на Демократската Влада за транспарентност и отвореност“.* Оваа заедничка активност беше успешно завршена во септември 2023 година.

Општата цел на активноста е развој на курс за електронско учење кој е веќе достапен на постоечката платформа за е-учење на интернет страниците на двете инситиуции.

Агенцијата и ДКСК ќе го користат курсот за е-учење за транспарентност и отвореност како алатка за градење капацитет за номинирани службеници за интегритет и за службениите лица за посредување со информации од јавен карактер во институциите на централно и локално ниво.

- **Агенцијата во соработка со Здружение за промоција и развој на инклузивно општество ИНКЛУЗИВА**

Во 2023 година, отпочна соработката помеѓу Агенцијата и Здружение за промоција и развој на инклузивно општество ИНКЛУЗИВА во насока на запознавање на вработените со тематиката и институционална подготовка за реализација на активноста во рамките на Национална стратегија за правата на лица со попреченост 2023-2026.

На 23 и 24 ноември 2023 година во организација на Инклузива, вработените на Агенцијата ги зајакнаа своите вештини за подобрување на пристапот до услуги и информации од јавен карактер за лицата со попреченост. Воедно, беше искористена можноста и официјално да се потпише Меморандум за соработка.

Следно, беа организирани три работилници на кои Директорката Бојчева и дел од вработените беа во улога на предавачи. Обуките беа наменети за вработените во општините во Дојран, Прилеп и Гостивар.

Како дополнителна активност, Инклузива подготви Ивештај со проценка на статусот на WAG алатките на интернет страната на Агенцијата, како и препораки за нивно подобрување. Реализацијата на горенаведените активности се во рамките на „Проектот за инклузија во пристапот до јавни информации за лицата со попреченост", поддржан од Фондација Отворено општество – Македонија.

- Агенцијата во соработка со Совет на Европа

Соработката со Советот на Европа во рамките на проектот *"Заштита на слободата на изразување и на слободата на медиумите во Северна* Македонија *(ПРО-ФРЕКС)"*, продолжува и во третиот циклус на самиот проект. Имено, во 2023 година, беа реализириани неколку средби, се со цел подготовка на активности поврзани со слободниот пристап до информации за следната година.

На 04.05.2023 година беше реализиран Првиот Управен Одбор на проектот. Соработката продолжува и во 2024 година.

- Агенцијата во соработка со Центарот за управување со промени во соработка ЦУП

На 20.02.2023 година на прес-конференција беше презентирано и промовирано „Упатството за подобрување на транспарентноста на институциите од јавниот сектор" кое беше изработено од Центарот за управување со промени во соработка со Агенција за заштита на право на слободен пристап до инфомациите од јавен карактер и Кабинетот на Заменичката на Претседателот на Влада задолжена за политики за добро управување.

- Агенцијата во соработка со Балканската истражувачка мрежа (БИРН)

На 19.04.2023 година на регионална панел дискусија во организација на Балканската истражувачка мрежа (БИРН) насловена „Слободата на информации во Западен Балкан во 2022 година", беа разменети искуства од

имплементација на слободниот пристап до информации од јавен карактер од страна на новинарите, граѓанските организации и институциите од Северна Македонија, Србија, Косово и Црна Гора, на која како панелист беше директорката на Агенцијата, Пламенка Бојчева.

- **Агенцијата остварена средба за соработка со Програмата за развој на Обединетите нации (UNDP) во Скопје**

На 24.10.2023 година, претставници на Агенцијата присуствуваа на работна средба со претставници на програмско ниво од Одделот за добро владеење при UNDP. Целта на средбата беше запознавање со надлежностите и активностите на Агенцијата, како и со програмските и проектни активности на UNDP во Северна Македонија.

Од дискусијата впрочем уште од самиот почеток беше дадена отворена согласност за соработка преку вклучување на Агенцијата во актуелните проектните активности на UNDP, и тоа во три активни проекти Унапредување на еколошките права , Дезинформации и Зајакнување на Општинските Совети. Соработката отпочна на 14.11. 2023 година, а на покана на UNDP , Агенцијата зема активно учество на тркалезната маса на тема **„Унапредување на еколошката правда – Состојби, предизвици и перспективи“.**

- **Агенцијата остварена средба за вклученост во проектот „Партнерство против корупција“**

На 03.11.23 година, во просториите на Агенцијата беше реализирана работна средба со проектниот конзорциум на која што беше презентиран проектот „Партнерство против корупција“ (Partnership Against Corruption), како и иницијалните активности на проектот во чии рамки ќе биде вклучена и Агенцијата. Конзорциумот, е предводен од глобалната компанија MSI Вашингтон од Соединетите Американски Држави и истиот ќе биде реализиран со финансиска поддршка од USAID.

Презентирајќи ги потребите и очекувањата од овој проект, Агенцијата даде девет (9) конкретни активности како и предлози на кој начин истите да бидат реализирани. На средбата беа дополнително разменети мислења, искуства и искажана взаемна согласност Агенцијата, покрај специфичните активности во кои ќе биде директно вклучена во проектот, да се разгледа можноста за вклучување на Агенцијата и во останатите области кои ги опфаќа овој проект, а би можеле да се од интерес и на двете страни.

Кон ова, Агенцијата беше известена од страна на членовите на конзорциумот дека предложените активности ќе бидат земени во предвид и ќе

нè информираат кои се можностите проектот да покрие дел од нив. Исто така, Агенцијата беше известена дека процесот на планирање претполага одредени чекори, вклучително и верификација и одобрување од страна на USAID. Оттука, Агенцијата очекува реализација на нови проектни активности во рамките на проектот „Партнерство против корупција“ во 2024 година.

- **Агенцијата потпишан меморандум со Институтот за комуникациски студии**

На 13.02.2023 година во просториите на Институтот за комуникациски студии беше потпишан Меморандум за соработка помеѓу Агенцијата и Институтот.

На 23.02.2023 година, Агенцијата на покана на Институтот за комуникациски студии (ИКС) присуствуваше на меѓународниот симпозиум „**Да си го вратиме назад просторот за дигитални информации**“ организиран во рамки на проектот на USAID за медиумска писменост „Младите размислуваат“.

## 5.4. ОСТАНАТИ РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

### 5.4.1. На покана на UNESCO во март 2023 година, Агенцијата учествуваше во годишното истражување за јавен пристап до информации за 2023 на SDG Индикатор 16.10.2

Во 2022 година UNESCO, преку својата меѓународна програма за развој на комуникациите (IPDC), дополнително доби мандат да го следи и да известува за напредокот на овој индикатор ширум светот. UNESCO, преку мерењето на индикаторот SDG 16.10.2, UNESCO го следи напредокот во усвојувањето и спроведувањето на “уставните, статутарните и/или политичките гаранции за јавен пристап до информациите“.

Агенцијата е дел од ова истражување уште од самите почетоци на покана од Тим на UNESCO SDG 16.10.2 од Сектор за универзален пристап до информации, сектор за комуникации и информации, па како минатата година, така и оваа извештајна година своите одговори на Прашалник ги достави до тимот на UNESCO на 28.03.2023 година.

### 5.4.2. Подготовка на Извештаи и Подготовка на материјали за придонесот на Северна Македонија кон Извештајот на Европската Комисија

Врз основа на воспоставената практика и писмото од Комесарот за проширување и соседска политика, доставено до Секретаријатот за европски прашања, Агенцијата подготви и достави Извештај за 2023 година, за

извештајниот период од октомври 2022 година заклучно со јуни 2023 година, додека статистичките податоци го опфаќаа периодот јануари-декември 2022 година.

Исто така, на барање на СЕП во дел од скрининг Извештајот на Европската Комисија, Агенцијата подготви и достави извештај за слободниот пристап до информации во однос на две области и тоа во анти-корупциската политика и во реформите во јавната администрација.

5.4.3. Подготовка на материјали, извештаи и присуство на конференции:

